СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Шеесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24 јуни 1993 година

Скопје, јуни 1993 година

**ДИСКУТАНТИ ОД 63-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 24.06.1993 ГОДИНА**

1. АБДИ ФАИК - 20, 32, 73
2. АЛИУ ЕШРЕФ - 20, 59
3. АЛИТИ АБДУРАХМАН - 29, 58
4. АРСОВСКИ БРАНКО - 31, 40
5. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 35
5. АНДОВ СТОЈАН - 76, 81
6. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИ Р -55, 61, 67, 72, 77, 91
7. ЗИБЕРИ НАСЕР - 70
8. КРСТЕВСКИ НИКОЛА - 89, 90, 94
9. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 16, 22, 37
10. ЛУЛОВСКИ КОЛЕ - 53
11. МИТЕВСКИ ВЛАДИМИР - 12, 39
12. МУРТЕЗАНИ АВДИ - 65
13. ПЕТРОВ ТОДОР - 87, 44, 47, 48
14. ПОЛОЖАНИ МЕРСИМ - 75, 76
15. ПЕТЕКОВСКИ ТИТО - 25
16. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 88, 96
17. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 27
18. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 16, 50, 63, 73
19. СЕЛМАНИ НЕИМ - 41
20. СПИРОВСКИ АЦО - 68
21. СИЛЈАНОВСКА ГОРДАНА - 96
22. СПИРОВСКИ ИГОР (Секретар на Собрание на РМ-прозивка за т.КЕБС)
23. ХАЛИЛИ МУХАМЕД - 67, 94
24. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈ - 42, 49
25. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 19, 74, 78
26. ЏАФЕРИ НЕЏАТИ - 31

седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на 63-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 24.06.1993 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала I со почеток во 12,00 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Почнуваме со работа.

Пратениците Ристо Стаменов, Јордан Бошков, Димитар Поповски, Иван Иванов, Љупчо Поповски, не известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Ве информирам дека претседателот на Владата ме замоли првата и втората точка да ги расправаме подоцна, бидејќи моментално е спречен мандаторот.

Минуваме на третата точка - Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во Собранието и во Советот на Универзитетот во Битола.

Предлогот на Одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (50 пратеници гласа за одлуката).

Дали има некој против? (5 пратеници се против)

Дали некој се воздржува од гласање? (4 пратеници)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Собранието и во Советот на Универзитетот во Битола.

Минуваме на **4-та точка** - Предлог на одлука за разрешување и именување претставници на Републиката во органи на управување во Советот на градежниот факултет во Скопје, Собирот на работните луѓе на Факултетот за драмски умеснти во Скопје, Советот на шумарскиот факултет во Скопје, Советот на Економскиот факултет во Прилеп, Советот на Студентскиот центар "Скопје" во Скопје, Советот на Институтот за земјотресно инженерство и Инженерска сеизмологија Скопје, Советот на Народната и Универзитетската библиотека "Климент Охридски" - Скопје, Советот на Специјалниот завод Демир Капија и Советот на Факултетот за туризам и угостителство- Охрид.

Предлозите на одлуките ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлозите на одлуките ги ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Градежниот факултет во Скопје, молам да крене рака? (62 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Градежниот факултет во Скопје.

I/2.-

Кој е за предлогот на одлуката за разрешување и именување претставник на Републиката во Собирот на работните луѓе на Факултетот за драмска уметност Скопје, молам да крене рака?(66) (65 пратеници креваат рака)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Собирот на работните луѓе на Факултетот за драмска уметност во Скопје.

Кој е за предлогот на одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Шумарскиот факултет во Скопје, молам да крене рака. (67 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Шумарскиот факултет во Скопје.

Кој е за предлогот на одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Економскиот факултет во Прилеп, молам да крене рака? (69 пратеници)

Дали има некој против (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Економскиот факултет во Прилеп.

Кој е за предлогот на одлуката за именување претставник на Републиката во Советот на Студентскиот центар "Скопје" во Скопје, молам да крене рака? (65 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласаше? (1)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување претставник на Републиката во Советот на Студентскиот центар "Скопје" - Скопје.

Кој е за предлогот на одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија во Скопје, молам да крене рака? (65 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Институтот за земјотресно инженерство и инженериска сеизмологија во Скопје.

Кој е за предлогот на одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Народната и Универзитетска библиотека "Климент Охридски" - Скопје, молам да крене рака? (65 пратеници).

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Народната и Универзитетска библиотека "Климент Охридски" во Скопје.

Кој е за предлогот на одлуката за разрешување и именување претставници на Републиката во Советот на Специјалниот завод Демир Капија, молам да крене рака (60 пратеници)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

I/4.-

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за разрешување и именуваше претставници на Републиката во Советот на Специјалниот завод Демир Капија.

Кој е за предлогот на одлуката за именуваше претставник на Републиката во Советот на Факултетот за туризам и угостителство Охрид, молам да крене рака? (64 пратеници

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање?(Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување претставник на Републиката во Советот на факултетот за туризам и угостителство во Охрид.

Минуваме на **5-тата точка** - Предлози на одлуки на избор на членови на конкурсни комисии за именување индивидуални работоводни органи и тоа:

За извор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган во Работната организација за производство на филмови " Варад - Вилм" - Скопје, 2) за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган во Кинотеката на Македонија, за именување членови на Комисијата за изготвување предлог за именување индивидуален работоводен роган на Архитектонскиот факултет во Скопје, за именување членови на Комисијата за изготвување Предлог за именување индивидуален работоводен орган на Економскиот факултет во Скопје, за именување членови на Комисијата за изготвување Предлог за именување индивидуален работоводен орган на Факултетот за физичка култура,

I/5.-

За именување членови на Комисијата за изготвување Предлог за именуваше индивидуален работоводен орган на Педагошката академија во Битола, за именување членови на Комисијата за изготвување предлог за именување индивидуален работоводен орган на Факултетот за драмски уметности во Скопје, за именување членови на Комисијата за изготвување Предлог за именување индивидуален работоводен орган на Факултетот за музичка уметност во Скопје, за именување членови на Комисијата за изготвување предлог за именување индивидуален работоводен орган на Филолошкиот факултет во Скопје, за именување членови на Комисијата за изготвување предлог за именување индивидуален работоводен орган на Филозофскиот факултет во Скопје, за именување членови на Комисијата за изготвување предлог за именување индивидуален работоводен орган на Факултетот за ликов- на уметност во Скопје, за именување членови на Комисијата за изготвување предлог за именување индивидуален работоводен орган на Природно математичкиот факултет во Скопје, за избор на членови на Конкурсната комисија за именување индивидуален работоводен орган на специјалниот завод Демир Капија.

Отворам претрес.
Молам, кој бара збор? (никој)
Дали некој друг бара збор? (никој)
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлозите на одлуките ги ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуките молам да крене рака? (66 пратеници креваат рака).

Дали има некој против? (никој)

Дали има некој воздржан од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието ги донесе Одлуките за избор на членови на конкурсни комисии за именување индивидуален работоводен орган.

Минуваме на **<u>6-тата точка </u>** - <u>Предлог на одлука за разрешување од функцијата судија на Општинскиот суд во Струмица.</u>

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлозите на одлуките ги ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (64 пратеници креваат рака)

Дали некој има против (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Михаил Јанев е разрешен од функција- та судија на Општинскиот суд во Струмица, по негово барање.

**<u>Минуваме на 7</u>**-та точка - <u>Предлог на одлука за разрешува! од функцијата Јавен правобранител за општина Кочани. Предлогот на одлуката Ви е доставен.</u>

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлозите на одлуките ги ставам на гласање..

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (65 пратеници креваат рака).

Констатирам дека Ацо Арсовски е разрешен од функцијата јавен правобранител на општина Кочани, по негово барање.

I/7.-

Минуваме на **8-та точка** - Предлог на одлука за разрешување од функцијата заменик окружен јавен обвинител во Окружното јавно обвинителство во Скопје.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (никој)

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлозите на одлуките ги ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака?

(69 пратеници креваат рака).

Констатирам дека Миле Петровски е разрешен од функцијата заменик Окружен јавен обвинител во Окружното јавно обвинителство во Скопје, по негово барање.

Минуваме на **9-тата точка** - Предолг на одлука за разрешување од функцијата заменик на Окружниот јавен обвинител во Окружното јавно обвинителство во Штип.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор,го заклучувам претресот.

Предлогот е на одлуката ги ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака?

(67 пратеници креваат рака)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

I/8.-

Констатирам дека Глигор Биковски е разрешен од функцијата заменик на Окружниот јавен обвинител во Окружното јавно обвинителство во Штип, по негово барање.

Минуваме на **10-тата точка** - Предлози на одлуки за разрешување од функцијата заменици јавни обвинители на Општинското јавно обвинителство во Скопје.

Предлозите на одлуките Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлозите на одлуките ги ставам на гласање.

Кој е за предлозите на одлуките, молам да крене рака? (67 пратеници креваат рака).

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Елена Андреевска и Мире Арсениевски се разрешени од функцијата заменици јавни обвинители во Општинското јавно обвинителство во Скопје, по сопствено барање.

Минуваме на **11-тата точка** - Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката за именување генерален директор на Македонскиот народен театар.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

I/9.-

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлозите на одлуките ги ставам на гласање.

Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (64 пратеници креваат рака).

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за именување генерален директор на Македонскиот Народен Театар.

II/1/JM/OM

**СТОЈАН АНДОВ**: (Продолжение)

Минуваме на **точката 12** - Предлог на одлука за давање согласност на одлуката за именување индивидуален работоводен орган на Национални паркови и ловишта - Скопје.

Предлогот на одлуката Ви е доставен.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака. (69)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за именување индивидуален работоводен орган на Национални паркови и ловишта - Скопје.

Минуваме на **точката 13** - Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката за изменување на Статутот на работната организација за стопанисување со води "Мантово" - Радовиш.

Извештаите на Комисијата за земјоделство и шумарство и на Законодавно правната комисија и на Предлогот на одлуката Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака. (70)

Дали има некој против? (Никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување на Статутот на Работната организација за стопанисување со води "Мантово" - Радовиш.

Минуваме на **точката 14** - Предлог на одлука за потврдување на Статутот на Народната банка на Република Македонија.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за економска политика и развој, Комисијата за Финансирање и буџет и Законодавно - правната комисија Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.
Молам, кој бара збор. (Никој)
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.
Предлогот на одлуката го ставам на гласање.
Кој е за молам, да крене рака? (64)
Дали има некој против? (Никој)
Дали некој се воздржува од гласање. (Никој)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за потврдување на Статутот на Народната банка на Република Македонија.

II/3.-

минуваме на <u>**точката 15**</u> <u>- Предлог на одлука за основање на Советот за меѓунационални односи.</u>

Предлогот на одлуката, известувањата на претседателот на Република Македонија Комисијата за прашања на изборите и именувањата и извештаите на Комисијата за општествено - политички систем, Комисијата за меѓунационални односи и Законодавно - правната комисија, како и мислењето на Владата на Република Македонија, Ви се доставени, односно поделени.

Исто така, поделен Ви е новиот текст на Предлогот на одлуката Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас би кажал зошто нема да гласам за оваа Предлог одлука. Знаеме државотворен народ во Република Македонија и по Хашкиот документ е македонскиот народ. Други нации тоа се националности по нашиот Устав. И овој Совет може да биде под друго име, а тоа е името Совет за малцински односи, а не за меѓунационални односи, затоа што имаме само една нација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се разбира за името на Советот сега не се одлучува и не е на дневен ред бидејќи е даден со Уставот.

Има збор господинот Владимир Митевски.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСТСИ:**

Почитувани пратеници, како пратеник кој пратеничката должност ја сметам како должност спрема оние што ме избрале и како пратеник во 45-та изборна единица каде што мнозинскиот дел се претставници од

српска националност имам морална обврска да го искажам моето мислење како пратеник, а и мислењето на мојата изборна база по повод Предлогот на одлуката за основање Совет за меѓунационални односи што е на дневен ред на денешнава седница. Горното го нагласувам заради тоа што во процедурата за донесување на Уставот на Република Македонија како пратеник и претставник на ова избирачко тело чиј што мнозински дел е како што кажав од српска националност поднесов два амандмана. Едниот се однесуваше на преамбулата на Уставот каде што предложив и граѓаните од српска националност да се набројат во преамбулата на Уставот што во собраниска процедура не беше усвоено.

Вториот амандман се однесуваше на член 7 8 кој предвидува основаше на Совет за меѓунационални односи и предложив во овој Совет кој ќе ги разгледува прашањата од сферата на меѓунационални односи, а кој брои 12 члена покрај претставници од македонската, албанската, турската, ромската и влашка националност кои во овој Совет даваат по два члена, да се дополни со два члена од српска националност со што би се задоволиле основните уставни принципи од член 9 до Уставот на Република Македонија кој дословно гласи: "граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободата и правата независно од полот, расата и бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичките и верските уверувања и имотна и општествена положба. Граѓаните пред Уставот и Законот се еднакви". И покрај тоа што на самата седница добив поддршка од магистерот Лазар Китановски кој беше претставник и член на Уставната комисија за што нормално постојат и стенографски белешки амандманот не беше усвоен, а добив поддршка и од повеќе пратеници, амандманот не беше усвоен и не влезе во дефинитивното решение на член 78, така што граѓаните од српска националност останаа без свој претставник во ова многу важно

собраниско тело. Сега по пошироко меѓународно признавање на Република Македонија и забрзаниот од кон полуотворената врата на Советот на Европа, ЌЕБС, асоцијации кои ги стандардизираат правата на националностите, а кочнцидира и со Меѓународната конференција во Беч на чиј дневен ред се исклучиво темите од сферата на правата на националностите. Добив- ме предлог од предлагачите Љупчо Поповски, Зоран Крстевски, Ештрев Алиу и Бранко Арсовски за основање на Совет за меѓунационални односи. За да биде појасно кои се компетенциите и улогата на ова многу важно тело ќе ја прочитам само содржината на член 4 од оваа одлука. Член 4: Советот ги разгледува прашањата од националните односи во Републиката особено го следи и разгледува обезбедувањето на националната рамноправност и на правата на националностите утврдени со Уставот и Законот, разгледува начелни прашања од областа на меѓунационалните односи и извршувањето на законите, другите прописи и општи акти од оваа област, укажува на потребата за донесување закони и други прописи и општи акти со кои се уредува и обезбедува националната рамноправност, разгледува предлози на закони и на други прописи и општи акти што ги донесува Собранието на РМ и други прашања од областа на меѓунационалните односи по кои расправа Собранието. Остварувањето на правото на употребата на јазикот и писмото на националностите утврдени со Уставот и Законот, остварувањето на правото на настава на јазикот на националностите во областа на воспитувањето и образованието утврдено со Устав и Закон, развојот на печатот, радиото Телевизијата, културата и другите дејности заради изразување на идентитетот и национални особености. Како што се гледа од овој член ова се многу важни сфери кои задираат во меѓунационалните односи. Јас овде имав и пратеничко прашање, барав во име на својата изборна база во македонското радио и телевизија да бидат застапени емисии на српски

јазик во траење од 30 минути што не беше удоволено и бев упатен на приватизација на овој простор иако знаеме дека основач на МРТ е Собранието, но тоа веројатно ќе дојде кога ќе ја продолжиме 53-та седница. Како што се гледа ова се многу важни сфери и многу е важно кои и колку претставници има во овој Совет. Како што кажав јасно се гледа од горното дека овој Совет ги разгледува најважните сфери од уставните права на сите националности. Па затоа би му придал поголема важност на предложениот состав на овој Совет и тоа: Предлогот е во Советот да има два члена од македонска, два члена од албанска, два члена од турска, два члена од влашка и два члена од ромска националност, еден член претставник од муслиманската националност и еден член претставник од српска националност. Со голема почит кон сите наброени националности, јас никого не го потценувам, навистина и драго ми е што тука се застапени скоро сите националности во Македонија. Сметам дека членот 9 од Уставот нуди рамноправност на сите кои живеат во Македонија и се лојални граѓани на оваа држава. Согледувајќи го националниот состав на Советот и бројчаната застапеност на националностите сметам дека се повредени основните принципи од член 9 од Уставот на РМ кој се залага за рамноправност на сите свои граѓани независно од нивната национална припадност. Во случајов сметам дека еден член во Советот од српска националност не ќе може рамноправно да ги застапува правата на граѓаните од српска националност бидејќи во Советот се наоѓаат по два члена од македонска, албанска, турска, влашка и ромска националност и еден член од муслиманска националност. Според тоа , со почит кон предложениот член Деспотовиќ пензионер од Скопје, сметам дека не може рамноправно да се носи во овој состав.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор.

II/7.-

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Осообено почитуван претседателе, почитувани дами и господо, излегов само за едно мало појаснување. Ние во Комисијата за избор и именувања при изборот на овој Совет за меѓунационални односи и постапката, или изборот, имињата ги вративме назад со цел до нив да биде допишано на кое малцинство припаѓаат, или на која националност припаѓаат. Јас овде гледам во овој список има една назнака муслиман. Ние во никој случај како во другите Републики од поранешна Југославија не смееме да правиме повторни експерименти и да создаваме вештачка националност, или малцинство по верска основа, а тоа е муслиман. Ако тргнуваме по таа верска основа, тогаш треба и на тие сите тие други членови кои се од католичка, православна итн. треба на сите да им пишуваме на тој начин. И оттука со право реагирањето на претходниот дискутант , ако ние на одредено малцинство фиктивно за мене во Република Македонија од поранешна Република Босна ставаме еден претставник за да ги претставува муслиманите во Република Македонија,а не ставаме еден претставник да речеме од српското малцинство во Македонија, каде ни е крајот и каква е логиката на нештата? Мислам дека запаѓаме во една друга крајност и да престанеме да импровизираме работи што не треба да ни бидат својствени, а треба да ни бидат поука од она што се случуваше на поранешните југословенски простори. Нема муслиманска нација. Верската припадност не може да биде одредиште за национална припадност и тоа еднаш да се расчисти во Република Македонија.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, иако оваа Предлог на одлука за основање на Совет за меѓунационални односи е на некој начин и уставна категорија, затоа што со членот 78 од Уставот на РМ е предвидено да се

основа Совет за меѓунационални односи, јас како пратеник сакам да го искажам своето мислење и причината , односно и причините поради кои нема да гласам за овој Совет како што е вака предложен, а тие се следните. Пред малку дискутантот кажа дека на некој начин се заговара дека е овој Совет дури и конфесионален , односно имаме и муслимани и т.н., без разлика, а велиме дека треба Совет за меѓу- национални односи. Сите овде ако се сеќавате не убедувавте и затоа и гласавме за овој Устав, дека овој Устав е еден од најдобрите Устави во Европа како граѓански Устав, односно неговиот нормативен дел дека е граѓански итн. каде во членот 9 во ставот 1 на сите граѓани на Република Македонија им се гарантираат еднакви права без разлика на полот, расата, бојата на кожата, националното потекло и социјалното потекло итн. Што значи дека ќе кажам и ќе повторам дека членот 78 за мене е на некој начин во колизија со членот 9 од истиот Устав, меѓутоа знаеме на кој начин може да се измени овој член, што може во некои други услови и односи во овој парламент, може во следните или во некои други избори тоа и да се случи. Основата е дека ако ние овде имаме исто така предвидено со Уставот дека имаме и посто- јана анкетна комисија за заштита на правата и слободите на граѓаните, видовме дека на предлог за оваа седница беше и создавање на една посебна комисија за заштита на правата и слободите на граѓаните, имаме и други комисии кои исто така ги штитат правата и слободите на граѓаните. Значи ако се определивме како Собрание со нормативниот дел на овој Устав дека сме во почитување на правата и слободите , граѓанска држава , така и треба да се однесуваме. На овој начин според оваа Предлог на одлуката испаѓа дека сме како што некои и повторуваат мултиетничка заедница, мултиконфесионална итн. што нема врска да launched речеме со таа определба за едно граѓанско демократско општество како што не убедивте и затоа и гласавме за овој Устав.

II/9.-

Јас би се запрашал ако одиме на таа логика и националности, јас колку што се сеќавам 1991 година во Република Македонија околу 1700 се декларираа, односно се попишаа 1700 бугари дека има во Република Македонија, па на приќе риби си поставил прашање, зошто еден бугарин би немало во овој Совет за меѓунационални односи ако одиме од тие причини. Што значи без разлика дали е големината 1700, или 50 илјади, или 100 илјади, или 200 илјади, правата на сите националности треба да бидат исти. И затоа ќе повторам имаме и со Уставот загарантирани комисии кои тие права на сите граѓани ги штитат. За мене една ваква одлука и еден ваков Совет за меѓунационални односи е непотребна работа, дури би рекол дека може да биде само еден Совет за меѓунационални односи кој на некој начин на претседателот на Републиката би му давал одредени совети итн. Меѓутоа, ова Собрание да го избира , иако е уставна материја, значи има основа во Уставот јас ќе бидам против ваков Совет за меѓунационални односи од причините кои ги изнесов пред малку.

III/1 нн/вц

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Почитувани пратеници, прво треба да расчистиме дека Советот за меѓунационални односи е советодавно тело на Собранието и сега да не судиме работи кои не се во надлежност на Советот, со цел да прикажеме нешто што не е така.

Околу негирањето на одредени пратеници на постоењето на муслиманската националност во Републикава односно муслиманското национално малцинство во Републикава мислев дека е крајно некоректна и неодговорно од оваа говорница заради тоа што како човек по националност македонец многу ме боли кога ќе слушнам од наши луѓе такво нешто, заради тоа што еднакво реагирам на негирањето на Грција и Бугарија за непостоењето на македонската нација. Затоа за да не не тужи некој за авторско право, за негирање на нација да се воздржиме од такви работи затоа што тоа е ноторна глупост. Муслиманите се национално малцинство како националност во Републиката реалност и тоа дали некој сака да ги брише, да ги негира или да ги прифати тоа е негов проблем, но тие постојат. Сметам дека предложениот член во Советот за меѓунационални односи по националност муслиман господинот проф. д-р Ферид Мухиќ чест треба да му биде на ова собрание да избере една таква личност во било кое тело во Собранието. Затоа ве молам да се воздржиме од давање на квалификации и изјави од типот на тоа дека некој постои, не постои, дека е тоа со вера поврзано и слично, да поврзува со некогашни состојби во Југославија и ред други работи. Муслиманите како нација како националност постојат во толкав број во колкав што ги има во Републиката, кое нешто може да се види од пописот 1991 година. Нема никаква причина овде да негираме цели национални колективитети околу 50,100 илјади или 5 илјади на крај краишта нека бидат.

III/2

**СТОЈАН АНДОВ:**

Инаку на секој треба да му биде чест ова собрание да го избере.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници чинам дека се прават напори намерно работите да добијат друг тек. Нашата задача е конкретна. Постои иницијатива, постои конкретна листа и постојат конкретни имиња за заокружување на една потреба која е уставна категорија. Затоа мислам дека нашиот ангажман треба да биде само тоа, да гласаме за, а кој сака да не прифати реализација на дело на таа уставна определба може да гласа и против. Мислам дека работите тука се многу јасни.

Една мала помош, без потреба, за господинот Котевски Муслиманите се иста верска исповест, а по нација муслимани, и како сакаат нивно право е да се викаат.

**ФАИК АБДИ:**

Респектирани и почитувани дами и господа, јас не знам дали ќе дојде време кога еден ден ќе се одлепиме од вакви сфаќања кои што сеуште ги изнесуваме од оваа парламентарна говорница наоѓајќи се себеси како Република Македонија во една многу тешка и исклучиво тешка состојба во Европа и во светот. Македонија која што досега ја посетиле преку 60 делегати и делегации кои што воглавно ги испитуваат состојбите со националностите, кои што воглавно при крајот на овој месец на состанокот на ЌЕБС ќе решаваат токму од тој поглед - правата на националностите во Република Македонија. Тоа ќе биде еден од клучните елементи дали Република Македонија ќе влезе во конференцијата за европска безбедност и соработка или нема да влезе.

Ако не сме свесни за оваа работа и за овој пат тогаш молам. Меѓутоа, јас знам дека уште при конципирањето на Уставот, уште на Уставната комисија и овде кога се расправавме многу време околу преамбулата на Уставот, уставната дефиниција на македонската држава и сите други пропратни членови и елементи во Уставот една одредена партија тоа е ВМРО беше против ваквата комисија, односно беше против она да постои некој си, ништо друго да се рече македонец по род. Тоа се познати работи. Меѓутоа и покрај сите најавувања на цел свет пак не може да ни влезе во глава дека нашето сожителство не се огледува само во оној фамозен член што го прочитавте овде за еднаквоста на правата на граѓаните на Република Македонија, туку има нешто поспецифично кое што Европа и Светот го бараат од нас. Го бараат ОН, каде што нашиот респектиран и почитуван претседател Киро Глигоров потпиша еден акт и презеде обврска по таа Повелба, тоа е Повелбата на ЌЕБС, Повелбата на Хелсинки, на Париз и т.н. и мислам дека како пратеници ќе мораме да прифатиме некои работи и покрај своја, или нечија желба што не сака да слуша за овие работи. Јас сакам да ве запознам со еден акт кој што е даден кај претседателот на Собранието на Република Македонија господинот Андов од Европскиот совет. Препорака бр.1203 од март 199 3 година, а која се однесува на правата на ромите во Европа и ги задолжува сите членки на Советот на Европа да постапат така. Па тоа не е чудо. Значи, сепак има нешто и ние не треба да бидеме толку тврдоглави.

Овде ако се зборува за еден од членовите кој што е предложен, за проф. Мухиќ зошто тој е муслиман, ве молам цел свет очите ги отвори кон БиХ. Цел свет зборува за војната помеѓу муслиманите, хрватите и србите. И сепак ние не можеме да разбереме што е тоа што се борат и

цел свет што зборува за борбата помеѓу муслиманите, хрватите и србите. Ако цел свет тоа го прави, тоа и го признава, тоа постои што на нас тоа ни смета. Ве молам толеранцијата меѓу нас треба да има едно високо ниво. Тоа е начин да се разбереме. Дипломатијата и тоа треба така да го прифатиме.

Јас добив писмо од претседателот на РМ господинот Киро Глигоров да предложиме како партија двајца роми во составот на овој Совет. И ние дадовме двајца роми. Претпоставувам дека и со другите е направено. Мислам дека треба да разбереме што тоа треба да значи.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, не треба од биберово зрнце да правиме голема планина. Секој знае што има во Македонија и секој здрав разум и малку интелектуално созреан човек знае кој постои во Македонија и никој нема против тоа кој како ќе си се определи, тоа е негово лично право, меѓутоа ноторни лаги се и ноторно непознавање на одредени состојби ако тргнете од научен аспект, социолошки, или било каков, некој да сугерира во Македонија да пресади состојба како што била во другите поранешни републики од Југославија. Уште еднаш укажува, не може да биде одредишна точка верската припадност или исповест, а вероисповеста на одреден човек или група на луѓе во поглед на национална определеност или нација. Тоа нема никаква врска од било кој аспект ако се погледне.

Друго прашање е колку од дискутантите ја познаваат таа материја и дали воопшто во животот нешто прочитале од таа област. Никој од таа држава, барем ние како политичка партија и политички субјект кажавме дека немаме против овие малцинства во РМ. Тоа е реалност и ако некој замиже пред таа реалност тој би бил тотално глув и тотално не ги

познава состојбите на теренот. Но уште еднаш да кажам и да завршам.

Одредишна точка не може да биде вероисповеста. Во Македонија во никој случај нема муслиманска нација или националност и таа да биде фактор на одредување на одредени категории понатаму што произлегуваат од Уставот или од други законски акти во РМ. Да не правиме непотребни импровизации што во минатото можат опасно да ни се светат. земете го примерот, ние имаме македонци муслимани, имаме католици, павликијани итн. итн. Тоа нема никаква логика со господата што тврдат. Треба малку повеќе да прелистаат за од- редени работи па да бидат компетентни за дискусијата.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници. Јас не сакав да дискутирам, само ќе изнесам мое мислење, кое можеби не е точно, но јас така замислувам.

Со ова, мене ми се чини дека само ја дуплираме и тридуплираме работите. Кога ние со Устав загарантирани права, со закон утврдуваме такви права, со сите други нормативни акти, што ќе биде сега со овој совет, со кој си нажаруваме вакви работи. Тоа мене ми се чини како порано што се велеше"бабата во ќеше, стално ќе зборува па никој не слуша". Ако Владата одлучи поинаку што тој совет ќе направи. Ако законите поинаку одредат што ќе се прави. Ние овде треба да се избориме за во законите. Кога во законите е дефинирано кој какви права ќе ужива тогаш со овој совет работите само се дуплираат и се прават непотребни органи преку кои ќе се разјаруваат работи меѓунационални, или партиски, или било како. Кога е тоа загарантирано тогаш се знае. Според мене овој совет е измислена именка на некој, ќе има ваков совет. Ако советот со Уставот е загарантиран што ќе бидет тоа? Тоа

советодавно тело на кого ќе советува, кога сите тие совети што тоа тело ќе ги дава се предвидени во Уставот, во законите. Сега, што ќе признава тоа советодавно тело. Затоа со право некој што се недоволно застапени ќе реагираат зошто нема двајца од таму, зошто нема тројца од таму, зошто нема петмина од таму. Значи, секогаш во право е оној што не е застапен . Ако ова не беше немаше никој да реагира на тоа и ќе си беше ова одлучено со сите нормативни акти , па според тоа се ќе беше во ред. Да ги следиме сите други работи. Кој кого досега негирал, кој немал права до формирање на овој совет сега. Дали некој беше, дали на некого му беше нарушено правот во оваа држава. На никого не му беше нарушено. Сега, со овој совет ќе се зајакне. Што ќе се створи со овој совет? Само ќе се створи дуплираше на функции, непотребни работи и др. Затоа, сметам дека беше во право и претходниот дискутант кој велеше ако се застапуваат треба сите подеднакво да се застапуваат. Јас можеби не ги сакам србите но не може од нив еден а од други двајца. Не може да бидеш на еден татко на еден оќув. Или ќе бидеш татко на сите деца или ќе бидеш оќув за сите деца. Затоа доаѓаме сега до вакви расправии. Некој нарочно кочи во Парламентот, или во Комисиите што ги формираа и сакаат да се створат вакви јазови внатре. Оти тој се информираше, не можеше ќор беше да види дека од таму не се двајца од таму не се тројца ако ги застапува сите националности подеднакво, каде беше сите подеднакво да беа предложени, па овде да немаше ваква расправија сега. И ова ќе поминеше како и досегашните точки.

Според мене, повторувам, јас мислам дека ова е мис- лена именка, нема потреба од ваков совет.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

По однос на тоа дали треба овој совет да го избираме или не треба да го избираме мислам дека е беспредметна расправата. Нејзе ја апсолвиравме кога го донесовме уставот. Наша уставна обврска, според член 78 да формираме таков совет. Според тоа не би требало сега да ја враќаме расправата која ја завршивме кога го донесуваме уставот.

Второ, ние со овој Устав и со советот што го форми- раме денеска ниту опструираме ниту игалумираме, ниту воведуваме некоја нова нација односно национална припадност. Според нашите позитивни прописи право е на човекот да се определи национално. Како ќе се определи тоа е негово право гарантирано и со нашите прописи и со меѓународните конвенции за кои сме и потписници и кои што сме ги прифатиле.

Факт е дека според пописот од 1991 година во Македонија има декларирани по националност муслимани. Јас сега го немам точниот податок, но тоа е реалност. Според тоа муслиманите како национална припадност, национален идентитет во Македонија се реалност и постојат. Ние не ги измислуваме сега ниту со новиот Устав, ниту со некој пропис.

Трето, мислам дека тие се реалност и од меѓународно правен аспект. Босна и Херцеговина е меѓународна призната, членка е на ОН и конститутивен народ муслиманите постојат како што постојат србите, хрватите итн. Според тоа, и според нашите прописи и според меѓународните прописи и фактот што е тој еден конститутивен дел на една држава членка на ОН не ни дава за право ние да негираме една националност апсолутно. Според тоа да го почитувам она што како

пропис сме го донеле со позитивните прописи. Реалност е дека тие постојат и наша обврска е тоа да го почитуваме. Можеме да разговараме дали членот што е предложен овде е добар или не е добар, а за другото ве молам не би било во ред затоа што и ние сме членка на ОН призната и треба да ги почитуваме и меѓународните конвенции и меѓународните прописи.

IV/1 вц/дв

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Почитувани пратеници, еден дел од тоа што требаше да го кажам и јас го кажа и господинот Петковски. Јас уште би кажал дека доцниме со донесување на една ваква одлука затоа што за ова се определивме кога го донесовме Уставот. Тука некои се обидоа некои работи да ги кажат односно да ни објаснуваат од научен аспект. Меѓутоа токму тие јас во јавниот живот уште не ги знам како научници, не сум читал дека спаѓаат во таа категорија научници Ако сакаме да имаме добра намера, зависи кога дискутираме за одредена проблематика прво, дали појдовната точка ни е со добра или со лоша намера. Кога појдовната точка за еден ваков проблем, кога дискутираме ние со лоша намера, тука веќе тие лоши намери не ставаат и во други позиции дека и малку знаеме. Ако другата намера ни е дека овој совет ќе придонесе за добри меѓунационални односи и понатаму, а ние констатиравме, уште тогаш и затоа во член 78 и формиравме ваква институција, затоа што уште тогаш знаевме дека ваква институција ни е потребна во РМ.

Јас не знам колку се сеќавате, но уште тогаш дури барав и во Уставот оваа институција да има и повеќе ингеренции од тие ингеренции што ги има по Уставот, затоа што ние само треба да ги почитуваме, Собранието не мора да ги почитува тие совети односно тие одлуки што ќе ги донесе овој совет.

Тука едни дискутанти што, можеби, поаѓајќи од една реалност кој живее, јас не навлегувам во бројноста во овој случај, затоа што тој паритет во конституирањето на овој совет не се поаѓа од тоа колку има македонци, колку има албанци, колку има власи, роми, колку има муслимани и колку има срби. Не се поаѓа од тоа туку се поаѓа од тоа дека сите треба да бидат претставени во овој совет, што значи дека и тие

теми кои ќе се расправаат во овој совет ќе бидат токму теми, односно такви проблеми кои се однесуваат на тие меѓунационални односи.

Предлагам да се формира еден ваков совет затоа што уште во почетокот реков дека доцниме. Навистина ни е потребен и ни беше досега потребен еден ваков совет.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, немав намера да зборувам, меѓутоа поради текот на расправата чувствувам потреба да кажам зошто мислам собранието треба да ја донесе оваа одлука за основање меѓунационални односи.

Првата причина е многу формална и тоа е нашата уставна обврска, тука не би се задржувал.

Втората причина која мислам е посуштинска, зошто треба да ја донесеме оваа одлука е следново:

Сите ние знаеме дека во Македонија на просторот живеат повеќе народи и тоа не еден или два, повеќе тоа е наведено и во Уставот. Собранието на РМ е собрание во кое се застапени исто така повеќе народи. Во собранието има македонци и албанци и роми. Во Владата како орган на Република Македонија имаме исто така и други националности има и турчин.

Она што сакам да кажам дека Македонија како држава со таква структура може единствено да функционира ако се градат многу мостови помеѓу сите овие луѓе и народи кои живеат по сите основи. Во овој случај разговараме за градење на мостовите за меѓунационална соработка и длабоко сум убеден дека и покрај овие мостови кои ги имаме веќе

изградено во Собранието, во Владата и во другите институции на РМ, кои можеби звучат банално, меѓутоа кои се исклучок на просторите во кои живееме. Јас еднаш кажав на ова собрание, чувствувам ова да го повторам, дека Македонија е единствена држава од просторот на поранешна Југославија со кој можеме да се компарираме, нормално дека не можеме да се компарираме со простори кои се територијално по други основи далеку од нас. И ако се компарираме со тие простори ќе видиме дека сме единствена држава во која заедно седиме и во Собранието, заедно седиме и во Владата, заедно седиме и во другите институции од државата, односно заедно ги градиме сите мостови на соработка за да сите заедно живееме поубаво.

Советот за меѓунационални односи кој е уставна категорија го сметам за уште еден мост во таа насока за заедничко живеење и уште еден мост на соработка кој треба да го изградиме.

Мислам дека ако оваа одлука не ја донесеме како што некои од пратениците се изјаснија а од повеќе причини зошто мислат дека не треба да се донесе одлуката ние дефакто еден од тие мостови ќе ги срушиме и мислам како метод на работа и како тренд не би требало мостовите кои се градат да се рушат. Токму од тие причини сметам дека во насока на добри меѓунационални односи во Македонија е многу добро да се донесе одлука така како што е компонирана и во Уставот, а убеден сум и така како што е предложена од претседателот на Републиката, меѓутоа како надлежен предлагач пред ова собрание и сметам дека таа одлука треба да се донесе.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Почитувани пратеници, само излегов да го искажам сопствениот однос од потребата за основање на овој совет. И покрај тоа што тука беше речено дека Советот е уставна категорија, и ако некој рече дека на некој начин е уставна категорија. Тука нема никаков начин. Во Уставот

пишува така како што пишува и јас немам намера да го читам тоа. Меѓутоа се придружувам кон сите оние што мислат дека овој совет навистина не треба да биде основан, но од други причини, не од причините кои досега беа наведени.

Јас мислам ваков каков што е конципиран Уставот со овие надлежности со овие ингеренции, овој совет навистина не е потребен и во право се сите оние што нема да гласаат, заедно со мене за основањето на овој совет. Меѓутоа, вака како што е конципиран советот со овие надлежности дадени во Одлуката треба да се сфати дека тој како таков не им е потребен на националностите туку на РМ затоа што тој нема никаква ве уверувам никаква функција за националностите, туку има за демократското легитимирање на Македонија пред светот. Еве јас си земам таква слобода отворено, најотворено и најпријателски да го кажам и тоа така треба да се сфати. И кога јас нема да гласам вие сите треба да гласате затоа што еве во тоа е суштината.

И конечно, немам намера да држам предавање тука. Јас ве молам не да се воздржите, туку некои луѓе што самостојно си земаат право да ги распоредат луѓето по национална припадност, такво право тие немаат. Секој има право сам да се изјаснува на која националност и припаѓа. Ако некој сака од вас присутните да ми рече дека е англез верувајте ми за мене тој човек се како таков изјаснува ќе биде англез затоа што важи едно основно правило, тоа што се чувствуваш така и ќе се декларираш. Никако поинаку. Никој нема право никому да каже на која националност припаѓа, на која вероисповест припаѓа итн. Тоа се основни човекови права врз кои никој нема никакви други права. Тоа е тоа. Затоа ве молам, уште еднаш повторувам, јас за основањето на овој совет нема да гласам од сосема поинакви и различни причини од кои беа тука наведени.

**НЕЏАДИН ЏАФЕРИ:**

На дневен ред ни е совет за меѓунационални односи а не совет за меѓуверски односи како што истакна еден од колегите.

Што се однесува до овој совет за меѓунационални односи ние имаме други решенија со кои можеме да ги решиме нашите меѓу-национални односи, а тоа се: нашиот устав, нашите закони, или ако немаме никакви куршлуци во овие закони и во Уставот, тогаш и овој совет за меѓунационални односи нема да има многу работа во врска со тоа. Бидејќи и сега ние сме наелектризирани со некои набои сме спремни да ги издиференцираме нашите граѓани по националност, по вероисповест и т.н. Јас мислам да беше овој совет составен по верска основа не ќе требаше да има албанци, да има турци, да има муслимани, само двајца од исламска вероисповест и двајца од православна вероисповест. Тоа веќе не ќе се викаше совет за меѓунационални односи, туку совет за верски односи.

Ме зачудува фактот што некои уште сакаат да манипулираат со муслиманската нација иако денес цела Европа и светот е заокружен со овој проблем и бараат решение на три нации кои живеат во БиХ.

Што се однесува до членовите предложени во советот со секој почит на сите овие членови што се предложени а исклучиво на другарот или господинот кој е предложен како муслиман, бидејќи тој не претставуваше и република Македонија во Грција, во тие разговори. Значи тој е наш граѓанин. Кога може да ги брани интересите на нашата држава зошто да не биде член и во еден ваков совет.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мислам дека непотребно трошиме енергија и нерационално го трошиме времето кога се работи за овој совет односно за оваа одлука која е предмет на денешно усвојува. Ова го

кажувам од следните причини:

Прво и основно дека одлуката која е предмет на денешната расправа има уставна основа. Нормално член 78 и член 84 се основа за донесување на оваа одлука. Сите одредби, исто така, врзани во одлуката односно поместени во Одлуката се сврзани посебно за член 84 и член 78.

Ако веќе уставно се определивме, а се определивме со член 78 да формираме совет за меѓунационални односи во тоа време требаше да дискутираме за составот бројот и т.н. Меѓутоа децидно член 78 го утврдува составот и бројот на сите оние кои се поместени во Одлуката која е предмет на расправата. Сега дали е тоа добро или не е добро тоа е сосема друго прашање. Меѓутоа, основно е дека членот 78 е пренесен во одредба на член 3 во одлуката и таму конкретно немаме ништо што повеќе да расправаме бидејќи тоа е уставна категорија. Така да ние како пратеници, дури немаме услови да го менуваме тој состав и број, во таа смисла.

Вториот дел односно членот 84 децидно кажува дека претседателот на Републиката ги предлага членовите на Советот за меѓунационални односи со направените претходно консултации со сите партиски субјекти во Републиката. Така да во таа ситуација ние како пратеници и можеме да менуваме и некои од предложените членови заради тоа што претседателот во консултација со партиските субјекти ги предлага овие членови, во таа смисла дека одлуката има уставна основа и има место за нејзино донесување.

**ФАИК АБДИ:**

Да искажам дами и господо едно свое мислење по однос на мислењата на поединци што кажаа овде дека би требало доволно човек да има просечни познавања околу тие, да речам државата и правото

националностите, нацијата, па поистоветување на нација со вера односно вера со нација и т.н. Јас би рекол тие познавања би требало да бидат дури и натпросечни за да во овој период изминат од 40 и 50 години се разберат тие консталации што е тоа нација, што е тоа вера, што и зошто тоа било во една еве денеска на некој начин се прават разни ујдурми за самоуништување, уништување на еден народ. Тука се заедно и србите и муслиманите и хрватите итн.

Инаку не би се согласил со една констатација изречена овде дека формирањето на овој совет нема да придонесе за подобрување на состојбите во Република Македонија, ами само ќе послужи како еден пат за отвореност спрема Европа од аспект на, да речам промоција на демократските односи. Веројатно тука се мислеше на одредена друга постапка на правото на овој совет за меѓунационални односи, правото на консензус, правото на поставување на прашањето, решавањето и извршувањето на проблемите. Меѓутоа, мислам дека треба да имаме доверба и ние меѓу себе како пратеници во оваа највисоко законодавно тело. Одлуките и советите што ќе ги налага советот за меѓу- национални односи ќе бидат пак тука и тука сме пак ќе разговараме за одредени состојби, исправни, неисправни и како понатаму треба да тече остварувањето на правата.

Инаку општо познато е дека ние имаме една комисија за меѓунационални односи во Собранието на РМ каде што секогаш имаше велам имаше затоа што не се состанала комисијата воопшто, поради пратениците на ПДП-НДП, ВМРО, само расправии и ништо повеќе, и надгласување. Сега почитувани колеги нема да биде тоа, но ќе биде сосема поинаку, поинаку ќе разговараме на овој совет и поинаку секој ќе се однесува заради тоа што составот не е таков.

IV/8

Еве сакав само да укажам на овие две работи и мислам дека, поставувам овде составот на Собранието е таков да ние ќе мораме да сметаме на едни натпросечни познавања за да се согласиме со она што се случува на овие простори и наши и балкански па и светски простори каде што имаме очи и уши да гледаме и слушаме што се случува. Немојте да го занемарите ова прашање.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Дами и господа, оваа тема не е од денес. Гледајќи ја темата вака пошироко ние сме оптоварени со таквата тема не од денес и националностите и нашата нација малку вака вратете го назад тркалото, ќе видите кој нас ни ја товари таа тема и зошто ни ја товари ние да ја решаваме? Меѓутоа, што е така, така е. Што можеме да направиме ? Ние сите треба да размислуваме дека живееме во една заедница таква каква што е сега . Ако тргнеме по патот по кој одеа досега тие претходниците и кои некои сакаат таму да не носат, значи опстанок нема. Неминовно ќе биде она што ние најповеќе не го сакаме. Тоа ќе биде товар не само за тоа Собрание, ќе биде товар за сите кои сакаат да живеат во оваа заедница, во оваа држава. Темел- но ве слушав сите . Некој да ме убеди дека постоеше некое братство, единство, некое пријателство, тоа е една лага, тоа е дури една проневера за сите националности и нашата македонска нација на овие простори. Од тоа имаа корист малку луѓе, а повеќе страдаа луѓето.

Ќе го поставам првото прашање на следниот начин. Што да се направи за да имаме добри меѓунационални односи? Дали таа комисија е тој феномен, дали во таа комисија се тие ангели кои преку ноќ ќе го решат прашањето за меѓунационалните односи. Верувајте ми луѓе дека никој не ќе биде во состојба тоа да го реши така ако секој од нас, ако секој родител, ако секој кој ги сака своите деца, ако секоја мајка, ако секој даскал, ако секој поп и оџа ги учи децата кои живеат на овие простори дека треба да живеат заеднички тоа ќе се постигне. Сведоци сме на улица, сведоци сме на училиште, сведоци сме дека нашите односи меѓу луѓето итн. дека не се добри.

По Уставот гарантирани се сите права на сите луѓе кои живееме на овие простори, без разлика кои сме и какви сме, а во фактичката положба тоа ќе видиме понатаму дали Уставот ни го гарантира тоа кое

V/2

не следува. И една друга работа, правна работа која сите ја знаете, во нашата држава во Македонија овде живеат македонци, албанци,турци, роми, власи, срби и т.н. Сега од сите тие кои живеат кај нас, јас не сакам да ви држам некоја теорија и не сакам никој да го направам христијанин, или обратно, но за тоа треба да бидеме сите ние свесни,само не е свесен тој што не ја сака оваа земја, а другите се свесни. Постои албанец православен, постои албанец муслиман, постои македонец православен или католик, постои македонец муслиман и обратно од другите тие нации и националности. Меѓутоа да не се занесуваме со една работа која е многу штетна за сите нас, за цела држава и пошироко, да речеме дека постои христијанство како нација и веднаш ќе дојдам на тоа второто, постои муслиман како нација. Дури и во тие книгите што ги пишуваа тие марксистите таква работа не постои. Според тоа, за тоа сме на чисто. Не се вреѓаме не се напаѓаме, и тоа го отфрламе. За комисијата,кога викате ствараме комисии, кога викаме по член 9 или 7 по кои главно се донесе да се направи таа комисија. Меѓутоа сега ме изненадува една работа кои некои од оваа говорница излегол и така. Правото го има претседателот на Републиката да го именува Трајко,Петко, Станко, Митко, Мусли и незнам кој таму, а Собранието треба да даде согласност да гласа. Значи што правиме сега ние? Дали ние го лажеме Уставот, или Уставот нас не лаже. Ние не сме доследни во некои работи. Не сме доследни дури и во тие иако ги носиме и тие комисиите, мене ми се чини дека нема аир од тие комисии, затоа што баш од нас отсуствува, липсува таа меѓунационална соработка. Илјада комисии да направите, илјада куќи да изградите ако имате кавгаџии во куќата, тие куќи не бидуваат. Таа мува треба да се фрли дека може да се гради и може да се прави преку такви парламентарни, или непарламентарни комисии нешто. Еден да се погоди сатана внатре од

тие дванаесет таа комисија е невалидна. За жал ние тоа го носиме. Јас не знам кој е Мухиќ, знам, Мухиќ знам дека е главен уметник, но јас треба да го најдам Мухиќ и да разговараме дали тој по нација е босанец, или албанец, или е македонец муслиман. Тука мене малку тоа ме буни и ве молам сите вас да ми опростите, не да ми опростите незнам како, но да ме сфатите дека во оваа ситуација не грешам, дека во нашата држава не постои муслиманска нација. Се друго може да постои, само тоа не постои. И како така каза колегата од ПДП Алити дека нема да гласа. Јас, за мене таа комисија е невалидна затоа што постојат други комисии затоа што ми се чини дека и не сме зрели ние да имаме илјадници комисии.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Навистина морам да ви се извинам затоа што по трет пат земам збор за дискусија. Од чиста добра намера направивме нешто што не е вкусно и што не беше потребно да се изнесе на говорницата. Јас за илустрација ќе кажам еден пример, ако ме сослушате. Ние , и она што досега се случуваше, а и што треба да се случува, треба да водиме голема грижа што изнесуваме на оваа говорница и што во одредени законски акти го запишуваме дури како поединечен збор. Еден збор има голема тежина. Конкретен пример, во минатото ние имавме во уставите братство, единство итн. Сега во Уставот имаме сожителство. Мислите ли дека тој збор сожителство што е внесен во Уставот дека практично ќе ја подобри состојбата во Република Македонија? Ве уверувам дека апсолутно не. Во мојата зграда каде што живеам никој со сила не може да ме натера да сожителствава со било кој, со оној човек кој мислам и во текот на животот сум воспоставил добри односи, доверба без разлика што е,дали е македонец, влав итн., без разлика на која националност

припаѓа, јас имам добри односи, ќе живеам, ќе сожителствувам со него. Никаде во Уставот на САД, на Австралија итн. не пишува сожителство, но таму никој не те прашува од каде си, што си, кој си, сите живеат на свој начин и државата цвета. Ние се караме за поими, правиме импровизации само за во Уставот да стои еден збор и тоа фиктивен без никаква потреба, а истото ни се случува и со овие фиктивни зборови за кои- ас сакав да укажам во мојата дискусија. Затоа што почитувани пратеници овие зборови, овие измислици, или овие кованици ништо практично на теренот не допуштаат да се изгради врз подобра основа. Подобрата основа ќе ја направи само законскиот акт, само лојалноста на граѓанинот кон оваа држава, само заемната доверба како човек меѓу човек, а не како човек верски,православен католик, или православен муслиман. Сфатете го тоа сосема добронамерно и навистина ние патиме од еден комплекс од минатото што сакаме на еден, или друг начин вештачки да го присадиме и во новиот и во Уставот што го донесовме и во новите законски акти и во комисии итн. Да престанеме еднаш со импровизации. Лошите импровизации се најголемата злокобија што може да ни се случува и понатаму. Инаку, јас во Комисијата за избор и именувања гласав за овие луѓе. Зошто сега поединечно луѓе се спомнуваат тука? Луѓето се тука квалитетни итн., јас лично немам против оваа Комисија и ќе гласам, меѓутоа сосема ми беше друга дискусијата, а се изроди нешто што нема потреба и нема логика овде да се дискутира.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Насер Зибери се откажува од дискусијата.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, се јавувам повторно на говорницата, а предизвикан сум малку од дискусијата на мојот почитуван пријател Бранко Арсовски. Тој овде изнесе дека мојот предлог нема уставен основ. Точно е веќе 2 години и повеќе сме во овие собраниски клупи, па јас нешто сум научил што е право и што е устав. Јас знам што има во член 78 па затоа направив една ретроспектива кога се донесуваше уставот. И овде убаво кажав, тогаш имав амандман, барав двајца членови од српска националност да влезат во Советот за меѓунационални односи. Добив поддршка од човек кој многу подобро го знае правото и уставот и од Бранко и од мене, тоа е магистер Китановски, на оваа говорница ми даде поддршка, го поддржа амандманот. Според тоа, тогаш сметав дека е направена една неправда и сметав дека сега е шанса таа неправда да се исправи заради тоа што сметав дека предложената одлука, а и господинот Бранко е предлагач на оваа одлука колку што гледам таму стои во овие акти стои дека во оваа Комисија ќе има претставници по два члена македонци, албанци, турци, власи, роми и еден од муслиманска националност и еден србин. И убаво кажав дали не е тоа во колизија со член 9 кој нуди рамноправност на сите граѓани без разлика на национална припадност, верска итн. Со сета почит спрема сите наброени националности и во преамбулата на Уставот и во членот 78 каде што се набројуваат членови на овој совет за меѓунационални односи. Според тоа, и јас нешто веројатно за овие 2,5 години сум научил, а не некој да ми кажува дека нема уставен основ.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Арсовски има реплика.

V/6

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Јас точно зборував за уставна основа на оваа одлука. Јас сум потписннк на оваа одлука како претставник на Социјалистичка партија и како и другите претставници, другите тројца итн. Значи ние присутни партии во коалицијата сме потписници на оваа одлука. Така што идам преку партијата, во таа смисла. Меѓутоа, децидно јас мислам дека нема никакви проблеми во однос на член 78. Она што е поместено во член 78 што сме се определиле уставно сме зацртале дека членовите на Советот за меѓунационални односи ќе брои толку и толку членови, а ќе биде застапена од тие и тие националности децидно е кажано овде Советот го сочинуваат претседателот на Собранието и по двајца членов македонци, албанци, турци, власи, роми и двајца членови од другите националности во Македонија. Целиот овој став од член 78 е поместен во член 3 од самата одлука. И ние практично тука немаме никаква шанса да ги менуваме тие односи. Можеме да имаме некои индивидуални желби, индивидуални потреби, меѓутоа колективно гледано од аспект на уставот и на одлуката бидејќи Уставот го донело ова Собрание, ама баш нема никакви шанси да го менуваме тој однос.

Второ што е битно ние не ги предлагаме членовите на Советот, ги предлага Претседателот на Република Македонија во консултација нормално со партиските субјекти. Тоа претседателот го има направено и ги има предложено сите кандидати. Така што нема никаква дилема во однос на составот, бројот итн. Меѓутоа, стои оваа забелешка на господинот Владимир Митевски дека дали одредени националности, а пред србите се добро поставени во самиот устав. Меѓутоа тоа прашање сега ниту можеме да го третираме, ниту можеме да го елаборираме, ниту можеме да предлагаме освен да предложиме измени на Уставот, а промени на Уставот знаете каква постапка тече. Тоа е долготрајна. И во таа смисла мислам дека јас како претставник на групата не сносиме никаква одговорност бидејќи одлуката има уставна основа.

**НЕИМ СЕЛМАНИ:**

Дами и господа, мислам дека околу ова прашање кренавме доста прашина иако содржински ништо не менуваме. Оваа комисија е уставна категорија, меѓутоа кога се носеше Уставот, а токму по ова прашање мислам дека јас најповеќе дискутирав и како што знаете дека Уставот јас не го гласав. Затоа сметам дека го чувам тоа право денес да расправам по ова прашање. Точно е тоа дека и порано оваа уставна категорија стоеше во поранешниот устав од 1974 година, меѓутоа за жал овој институт мислам не служеше за рамноправноста на националностите, во тоа време беа народности, туку долго време служеше заради диференцијација на луѓето, претежно токму за тие луѓе кои што беа ставен!?$)ваа уставна категорија. Мислам дека во тоа време кога се дискутираше ова прашање ние рековме дека не треба да влезат многумина во преамбулата на Уставот. Меѓутоа, некој покажа голема загриженост и покрај тоа ми се чини дека јас спомнав дека тука треба да има и срби, ако се сеќавам добро, па некој овде дури спомна дека треба да има бугари. Јас го поддржувам тој предлог, каде што стои "и други" нека има и бугари во тоа. Па ајде да наброиме и други колку што можеме да ги имаме кај нас. Меѓутоа, она што е точно и она што е содржината на ова што денеска се залагаме да го носиме е нешто друго тоа што го спомна и колегата Абдурахман Алити. Инаку ако ова навистина е уставна категорија ние во уставот имаме и многу нешто друго зацртано, па уште не ги носиме, како на пример Законот за употребата на знамињата на националностите, па во тоа не се брзаме од причини што таму не сме многу засегнати сите, туку овде сме токму засегнати за нешто друго, за она што го рече колегата Абдурахман Алити. Според тоа јас нема да

гласам  за ова заради тоа што навистина оваа установа нема, ако веќе се залагаме за рамноправноста и навистина овој институт да има она што треба да го има во практиката, тогаш се знае тоа е институт за консензус за кој што ние тогаш во Уставот, при донесувањето на Уставот го отфрливме Според тоа, ако ова навистина е фиктивна работа како што спомна и колегата Котевски дека ова е фиктивна работа, токму овој институт е фиктивна работа во Уставот и јас сум против тоа ова денес да се усвои, односно да не се усвои.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, во врска со расправата по Предлог - одлуката за основање на Советот за меѓунационални односи, сакам да укажам на три работи. Прво, мислам дека на сите присутни во салата, па и на нашата јавност и е познато како настанаа одредени проблеми и недоразбирања со српската националност во Република Македонија. Кога тоа го кажувам зборувам за преамбулата на Уставот на Република Македонија заради тоа што во времето кога се изготвуваше Уставот и кога се донесе Уставот српската националност во Македонија сеуште сметаше дека насекаде како насекаде во Југославија треба да има третман на народ и дека не е возможно во Уставот на Република Македонија да добие третман на националност. Овде се зборуваше од многу аспекти за ова прашање, се зборуваше и во смисла на односот на Република Македонија како мајка и маќеа спрема одредени националности. Јас сум уверен дека со тек на време овие недоразбирања ќе се разрешат на обостран интерес.

Второто, што сакам да укажам е следното. Овде беше искажано едно мислење дека интерес за формирање на Совет за меѓунационални односи има Република Македонија или македонците во Република Македонија со што воопшто не се согласувам заради тоа што степеноста на уреденоста на меѓунационалните односи, прашањето на

меѓунационалниот мир и разбирање е од интерес на сите кои што живеат во Македонија.

Трето, на што сакам да укажам е следното. Македонската држава поминува низ многу сложени етапи од својот развој во кои што по многу причини и по многу надворешни, но и внатрешни влијанија се рушат многу од мостовите на разбирање без кои што нема ниту мир, ниту прогрес, ниту развој. Советот за меѓунационални односи е еден од тие мостови кои што и е потребен на Република Македонија, еден од полињата на кои што ќе може да се води конструктивен дијалог.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ**:(продолжение)

Да се води конструктивен дијалог, да се разрешуваат во зачеток сите натрупани или сите проблеми кои ќе се појават и оттука не треба да имаме никаква резерва дека, ако изградиме уште еден мост на разбирање дека тоа се биде на штета на било кој во Република Македонија. Треба ваквата уставна солуција да ја поддржиме.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Најсмешно е кога човек од пратеничките клупи слуша некој како се повикува на Уставот на државата Македонија, оние кои први го сменија насловот на тој Устав и името ан државата и нејзиното знаме. Затоа не е чудно денес да се нарекува Ханџиски утре Ханџу, трети ден некако поинаку итн. Меѓутоа, за мене текстот на одлуката не е толку спорен, дали би се псотавило прашање кореспондира со текстот на членот 7 8 и сметам дека кореспондира во се. Единствено е по Уставот оставена флексибилност во однос на дефиницијата, покрај набројувањето двајца членови македонци, албанци, турци, власи ,роми и двајца членови од другите националности во Македонија. Сметам дека од сите овие наведени националности покрај плус србите и муслиманите дека не се тие единствени кои живеат во Република Македонија.

За мене не е спорна уставната основа на одлуката, иако јас лично бев против овој член и во таа смисла во целост ја поддржувам дискусијата на господинот Абдурахман Алити во однос на оваа поставеност на овој Совет за меѓунационални односи и член 78. Меѓутоа, ме иритира компарацијата и равенството меѓу македонската и муслиманска нација, како што тоа некои сакаа да кажат од оваа говорница иако можеби на нивните партиски состаноци тоа така и се зборува и се прифаќа, сметајќи дека токму САНУ до вчера пред да почне војната во Босна, босанските муслимани ги третираше како етнички

срби. Меѓутоа, за мене лично а се знае точно кога и зошто се појавиле и настанале муслиманите во Босна. За мене лично етничката не може да се изедначува со верската припадност и независно дали некој ќе се изјаснува за национална и етничка припадност муслиман тоа е негово лично право. Меѓутоа никаде не сум сретнал припадници на муслиманска нација со будистичка вероисповед,христијанска вероисповед итн. Мене не ме ни чуди што припадниците на етничките групи во Македонија со мухамеданска вероисповест ќе поддржуваат постоеше на муслиманска националност или нација како ентитет, бидејќи тоа им одговара или одговара на некои кругови за еден поинаков концепт на уредувањето на државните односи во Републиката во државата Македонија и внесувањето на едни такви за мене научно нефундирани формулации во Уставот во Република Македонија како самостојна суверена држава долгорочно ќе имплицираат поинакви односи во практиката. Ако еден народ го карактеризираат територија, јазик, култура и обичаи дали утре ќе отвораме паралелки за образование на муслимански јазик да се воспитуваат и образуваат, и едноставно мене не ми е јасно кој е јазикот на муслиманската нација. Многу е невкусно што во расправата за структурата на составот на Советот за меѓунационални односи така како што е дефиниран по Уставот иако за мене лично е нелогичен и за тој кога гласавме поединечно за членовите јас не гласав меѓутоа е уставна категорија и како таков го почитувам многу е невкусно кога расправаме за структурата на овој совет за меѓунационални односи па се врши едно поистоветување со личностите кои се наведени во составот поименично на Советот за меѓунационални односи. За мене лично господинот Ферит Мухиќ барем по она што го слушнав еднаш на телевизија им одржа добра лекција на нашите дражавници за дигнитетот и достоинството во одбраната на името на државата треба да ја прочита таа лекција уште еднаш, меѓутоа ако Парламентот сака такви авторитети

да ги  афирмира соодветно имаше а и има не еден стои и еден начин да ги стави во ова работно тело на ова Собрание за да нивната научна предност компетентност, стручност соодветно ја искористиме во ова Собрание. Меѓутоа ако го погледаме вака овој совет за меѓунационални односи по уставна дефиниција јас незнам како е составен, меѓутоа во Република Македонија од другите националности постојат и црногорци зошто и тие не се ставени или се ставени во нерамноправна положба во однос на другите што не се тука затоа што и пак по верска припадност на составот на Советот за меѓунационални односи испаѓа дека христијаните во Македонија се малцинство во однос на останатата верска конфесионална припадност. А не треба од тој момент да не изненадуваат и изјавите на увезентие партии од странство, како што е СДА легитимно незнам не сум проверил таква регистрација во Македонија кои што на своите промотивни состаноци најавува дека Македонија ќе ја градат како држава врз основите на исламот на алах и тоа на телевизија се рекламира добива публицитет во јавноста итн. Ако муслиманството доби етнички легитимитет и легалитет во Босна нека е и така. Меѓутоа сметам дека сосема е познато кога и зошто од Санџак доаѓаа луѓе токму во Македонија транзитно за да останат и како што сега ја градиме и некои партии ја декларираат Македонија како мултиетничка држава утре да ја направиме како конфередерацика од 20 држави . Меѓутоа, ваквата формулација за структурата за составот во однос на оние двајца од другите нациоанлности во Македонија со легитимитет муслимани во овој состав на Советот за меѓунационални односи отвара процес и на некои други простори во оваа држава, процеси на денциоанлизација албанцизација и турицизација на македонците со мухамеданска вероисповест и изгледа дека оваа држава е слепа што некои партии работат на терен во поглед на создавањето и од овие македонци некаква нова муслиманска нација во Македонија.

Меѓутоа сепак сметам дека најхендикепирани ќе бидат оние кои се изјаснуваат по националност граѓани. Од нив нема ниту еден во овој Совет за меѓунационални односи.

Затоа на крајот би предложил предлагачите на оваа предлог-одлука да ја повлечат. Флексибилноста на уставната формулација за состав на Советот за меѓунационални односи во однос на овие двајца членови да се преиспита и би предложил тоа да биде човек од црногорската национална припадност. Сметам во тие рамки ако биде ставена во ваков текст одлуката на изјаснување дека нема да ја прифатам ниту ќе гласам за неа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само момент господине Ханџиски, ќе ви дадам право на реплика.

Го опоменувам и го молам господинот Петров понатаму кога ќе дојде да зборува овде да не упатува лични навреди ан пратениците ни на еден од пратениците. Со тоа само ќе го сочува своето достоинство и како човек и како пратеник.

Господинот Петров има реплика на моето излагање.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Во Република Македонија не живее, ми се чини само еден граѓанин со презиме Ханџиски. Ако некој се препознал, тоа е друго прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам вие напуштете ја говорницата. Одма да ја напуштите говорницата.

Господине Петров вие продолжувате да ги вреѓате луѓето. Ќе ви го земам зборот.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Доколку сака да рекламира нешто господинот Андов ќе си излезе на овие три микрофона и ќе си каже тоа што....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие продолжувате да ги вреѓате луѓето. Вие не заслужувате да зборувате.

Ја прекинувам седницата. Давам пауза од половина саат.

VII/1 ДВ/СЛ

**СТОЈАН АНДОВ: (**по паузата)

Има збор г-дин Благој Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЦИСКИ:**

Почитувани пратеници, да се каже од оваа говорница дека некој го продал името и знамето на РМ значи ноторно да се лаже, а ноторно може да лаже само оној кој што не ја научил онаа народната "кој што лаже и краде".

Господинот Петров не реализиран на минатите избори како претседател на РМ .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, задржете си ја репликата само на она што он предизвика.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Ве молам, понесен од амбицијата да стане претседател на сите Македонци во светот, како ги лаже Македонците во светот, ги труе и им ги краде патриотските и националните чувства.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, престанете. На репликата задржете се.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Лесно е да посееш омраза, да ги срушиш сите мостови на разбирање на соработка, а други да ја жнеат бурата и да крварат. Лесно е постојано да нанесуваш штети, а други да те перат. Тешко е да сееш доверба, толерантност, љубов, зошто покрај големиот труд и знаење, волја и одговорност, затоа е потребна и одредена психофизичка рамнотежа и здравје. Многу фрустрирани на збор политичари и патриоти

со нездрави амбиции ги опожарија своите народи, ги посрамотија и ги завија во црно. Загриженоста за ваквите појави во нашата средина очебијно е дека не можам да ја прикријам.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници. Овде се искажаа некои мислења дека непотребно го трошиме времето за оваа точка. Јас ќе ги замолам таквите професори, или учители, како да ги наречам, да престанеме еднаш со квалификации дали на некоја точка е потребно да и посветиме внимание или е непотребно. Видете , сите точки што доаѓаат на седница на ова Собрание, сигурно имаат тежина и секој пратеник си оценува колкава е таа тежина од аспект на неговата ангажираност како застапник на граѓаните , односно на избирачите кои го избрале и затоа седи сега во овие парламентарни клупи на Македонското Собрание.

Јас би се запрашал во однос на оваа точка за избор на Совет за меѓунационални односи, кажам при моето прво излегување на оваа говорница дека е на некој начин уставна категорија. Меѓутоа, ги кажав и дел од причините кои мене ме тераат да не дадам позитивно мислење за предложениот Совет за меѓунационални односи. Јас би се запрашал дали некој се запрашал, велиме дека ни треба за Европа итн., имаме Европски Устав, па јас сакам да прашам која Европска држава, а нарочито овие држави што нас не опкружуваат, да ја земеме и Албанија тука и една Бугарија или Србија, или Грција, која има ваков Совет за меѓунационални односи. Тоа е едно прашање.

Исто така ни се импутира овде дека еве ние не можеме и не смееме да велиме дека е ова РМ, дека е држава на Македонскиот народ како што стои во преамбулата. Јас за тоа категорички се залагам и ќе се залагам и понатаму. Тоа е вистината. Во оваа држава живее македонскиот народ и живеат национални малцинства, односно прифатени во нашиот Устав и така се декларирани како националности. Тоа е исто право што ова Собрание ја даде таа терминологија за националните малцинства.

Јас кога се подготвував за Законот за трансформација за општествениот капитал, прочитав во една литература во една книга, за начинот на приватизација на државната сопственост во бившата Источна Германија и во предговорот на таа книга, тој што ја напишал вели: "се обедини германската нација во една национална држава". Значи тој термин, "национална држава" не се употребува само дека ние сме ја измислиле во РМ па да ја употребуваме. Секоја држава на некој начин е пред се и национална држава. Албанците знаеме дека се припадници на повеќе конфесии , на пр. католичката, православната, исламската, односно муслиманската конфесија. Но, никогаш јас не сум слушнал некој Албанец да каже, јас сум Албанец муслиман, ова е Албанец православен, ова е Албанец католик. Секогаш тие за себе велат "ние сме Албанци". Па оставете ме и ние Македонците имаме право да кажеме, без разлика на која конфесија и припаѓаме, јас сум Македонец православен, итн., меѓутоа, сите ние сме Македонци. Конфесијата да ја оставиме настрана.

Јас не се согласувам со заговарањата на поедини екстремни, ќе речам Албанци, не сите, кои заговараат е муслиманите Македонци, не се припадници на македонската нација. Се. Затоа што и Албанците што се со католичка или православна конфесија се исто така припадници на таа албанска нација. И тоа е вистина. Не сакам некој екстремен Албанец мене да ми кажува, своите сограѓани и сонародници кои се со исламска вероисповест или со католичка, или да ја земеме евангелистичко баптистичка, да не ги бројат сега сите тие, се и Македонци, зошто се Македонци по род, по нација итн. Тие прашања еднаш треба да ги оставиме настрана и ќе ги замолам тие Албанци, екстремисти што се на некој начин, да ги остават нашите Македонци со исламска религија, да си бидат Македонци по нација и нормално никој не им забранува својата религија да ја проповедаат. Тоа е една од гаранциите од нашиот граѓански Устав.

Видете, вие како коалиција сигурно имате некои договор направено, ќе си го почитувате тој договор, ќе изберете вака пред- ложен Совет за меѓунационални односи. Јас да повторам не сакам да учествувам во такво нешто кое многу ми личи на, условно ќе кажам, концептот од Босанско - Херцеговското Претседателство затоа што таму се заговараа некои работи , а видовме до кај дотераа тие работи. Не сакам да учествувам во една таква работа, да повторам и од аспект што нашиот Устав, сите не убедувавте кога гласавме овде, дека неговиот нормативен дел е граѓански. Значи сите треба да се почитуваме како граѓани и секој треба да си ја почитува својата национална припадност, без разлика дали му припаѓа на македонскиот народ или на некое национално малцинство, односно спрема нашиот Устав националност.

VII/5

Јас не можам со една работа да се согласам, со тезата која неколку пати овде, поготово господинот пратеник од СДС Никола Поповски, ја заговара, во Македонија вели народите што живеат во РМ. Извинете, спрема преамбулата од Уставот на Република Македонија стои дека "во РМ статус на народ има само Македонскиот народ, а другите се националности". Јас не можам да се согласам со ниеден пратеник иако му го признавам правото на господинот Поповски да мисли така дека во РМ живеат повеќе народи, ќе повторам, меѓутоа, таа теза за застапување дека во РМ живеат повеќе народи ми заговара една теза за федерализација на РМ која може да донесе несакани последици и токму таа теза на заговарање дека постојат повеќе народи во РМ може да не доведе и до војна во РМ. Инаку, ако го избереме овој ваков совет за меѓунационални односи, на некој начин ќе ја избегнеме војната, една таква формулација , не таква баш, ама таква слушнав овде. Јас ќе кажам и без тој совет за меѓунационални односи, чувствувајќи ја потребата од комшиско живеење, не мора заедничко, меѓутоа едни покрај други живееме, се виде дека живееме, дека можеме да живееме во оваа независна РМ и мислам да се импутира дали некој ако не гласа за ова еве е за војна итн., не држи, затоа што и досега немавме таков совет, а мирот го сочувавме, благодарејќи на сите ќе речам пред се на сите партии овде. Подобро овде, да се скараме како пратеници, што припаѓаме на различни партии, отколку народот на некој начин да ни се кара надвор и да се цепи итн.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Прво сакам да се обратам без почитувани пратеници. Веќе двеипол години не се почитуваме едни со други, па дозволете ми тоа да го негирам веќе досега.

VII/6

Како член на Комисијата за избори и именувања, јас се изјаснив за овој Совет, но како предлагач тогаш беше претседателот на државата, претседателот Глигоров. Но, сега во понудениот материјал, се таканаречената коалициона Влада, тоа што го кажа еден предлагач е Бранко Арсовски. Тука е заблудата во однос на моето сега мислење за новиот материјал, таканаречен.

Во што се состои заблудата.

Ако во Уставот е предвидено предлагач да биде претседателот, зошто сега се појавуваат точно овие четири предлагачи во името на коалиционата Влада. Зошто не е понудено предлагач да биде и опозицијата. Како член на Комисијата јас се изјаснив за овој состав на Советот. Тука е проблемот број 1 што лежи во недоразбирањата и во вакви дискусии што денес се одвиваат.

Понатаму, веројатно тука морам да се сетам на една моја реченица пред месец или два , кога кажав нема кој да ги учи на- редната генерација, нашите деца кој ќе ја ослободи Македонија од Македонците. Со својот настап на претпоследниот дискутант тоа ме доведе да , така и вистина ќе дојде, вистината ќе биде тука. Зошто?

Господинот Благоја Ханџиски како претседател на една важна Комисија за образование, наука и култура и Никола Поповски ка претседател на Комисијата за односи со странство, настапија со две тези кои исто така се спротивни една од друга, а тие тези кои се:

Никола Поповски неколку пати тука настапи на оваа иста говорница денес, дека , факт е дека во Македонија живеат повеќе народи. Тоа се зборови на претседателот на Комисијата за односи со странство. Но, за разлика од Благоја Ханџиски, кој бранејќи го Уставот дојде до една

констатација дека за време на донесуваше на Уставот ние бевме принудени на барање на српскиот народ да претендираме како народ, па така и го нарековме членот што еден од пратениците тука го застапува тоа околу настапот на српската националност во овој Совет. Видете какви спротивни тези. Се прашувам сега јас кој е народ во оваа држава. Ако двајцата пратеници од истата партија немаат еден исти став, прво расчистете си ги овие работи во вашиот партиски состанок, видете сега имате добри советници таму. Еден ви е понуден тука во Советот. Да видиме кои се тие повеќе народи во Македонија и дали спрема едни српската националност е народ или не е дали спрема другиот не само српскиот итн., и другите националности.

Често пати од оваа говорница се користи зборот Босна и Херцеговина. Ве молам, за мене уште сме тука во РМ. Оставете ја Босна таму каде што си е. Немојте секој настап овде да ги злоупотребуваме состојбите сега што се случуваат во друга држава. Тоа сакам да ви го скренам како внимание.

И околу името на последниот предложен во Советот за меѓунационалните односи, ве молам и барам од пратениците многу да не се спомнуваат дали се работи тоа во негативна конотација. Сепак предложениот заслужува и те како можеби поголема комисија не само Комисија

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Без оглед што расправата започна и што можеби деловнички изгледа дека не може да се побара интервенција во самиот текст од предлагачите да го повлечат својот Предлог за една од наредните седници, јас ќе ризикувам дури и да бидам опоменат од претседателот на Собранието и токму тоа сакам да го предложам.

Со оглед на створената атмосфера, противречноста на исказите, сомневањето во уставноста на многу искази во формулациите, поточно кои што беа презентирани, сето тоа е доволна при- чина, ако навистина сакаме конструктивно да расправаме по ова прашање да разговараме за тоа во друга атмосфера со расчистени прашања, барем оние основни. Бидејќи не знам како ќе биде одговорено на мојот предлог, јас сепак и една куса расправа ќе си дозволам по точката.

Мислам дека во Македонија за која што сите политички партии, практично како модел го одредивме граѓанското општество, а за карактерот на државата нема потреба посебно да се нагласува, се подразбира како и за сите други држави во светот како Англија или Франција на пример, дека се работи за национална држава во случајот на македонскиот народ, но одбравме модел на организирано општество како граѓанско општество познато кое што егзистира во западниот свет на кој што сме наклонети. Да укажам на апсурдноста од потребата да се заштитуваат малцинствата во Македонија.

Ако сме граѓанско општество, ако одбравме демократија од типот еден човек еден глас, не ли ги навредуваме токму малцинствата одредувајќи им комисии со кои ќе им ги штитиме правата. Затоа токму и инсистирам да се создаде доволен простор со што би и се дало можност дури и на македонската Влада или и на други политички субјекти амандмани да интервенираат на промена на Уставот и тоа сосема накусо јас го предлагам во три алтернативи: или да се избрише членот со кој се регулира меѓунационалниот совет или да се преименува во тело на Собранието кое ќе го следи оствареното ниво на малцинските права во РМ, или да се изземат во формулацијата Македонците и да ги оставиме претставниците на малцинствата сами, на мир да ги формулираат своите желби кои што во вид на приговор на своите права ќе ги направат јавни и во оваа институција меѓу другото.

Сакам да укажам на опасноста, ако денеска расправаме до крај и одиме на одлука и од преседанот кој што сум сигурен не се случил во светот како искуство, ние македонскиот народ да се откажеме од Македонците со муслиманска вероисповест, да ги прогласиме малцинство меѓу својот народ и во сопствената нивна држава. Тоа произлегува од предлогот за последниот кандидат каде што надвор од уставната категорија со што се регулираат овие прашања, покрај името на еден од кандидатите се наведува дека тој влегува како националност муслиман. Ве молам сериозно да размислите на она што укажав. Дали сме спремни Македонците со муслиманска вероисповест да ги прогласиме како малцинство меѓу својот народ и во сопствената држава.

Исто така сметам дека на овој начин, а дека тоа е вон контрола на оној што го составувал текстот или технички или недобро промислено, е направен расчекор од она што е наведено во предлогот и во образложението на текстот. Ако ја погледнете последната реченица таму не стои во образложението дека кандидатот кој што се предлага се предлага по основ како националност муслиман, туку стои само професор. Јас сакам да ве уверам во моите вистински определувања дека за мене посочената личност, апсолутно е прифатлива како граѓанин да влезе во една таква комисија или како професор. Но, не можам да го прифатам другиот опис, заради тоа што длабоко го почитувам Уставот и законите на РМ.

Јас би ги замолил предлагачите да ги уважат моите наоди и да дозволат да се одложи оваа расправа за една од наредните седници.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Почитувани пратеници, јас по втор пат земам збор.

Прво, би кажал дека кога случајно јас би бил претседател на Собранието најмалку што би направил, би ги предупредил пратениците кои од оваа говорница не само што упатуваат навредливи зборови, туку и употребуваат термини кои се неуставни. Меѓутоа тоа е друго прашање. Јас ги сфаќам поединците кои во себе имаат одредени фрустрации, не сакам, немам волја да ги коментирам причините поради кои тие се фрустрирани. Мислам дека тоа во крајна линија не е ни моја работа . Тоа што мене лично ми пречи е упорното инсистирање на поединци да докажат дека државата е имот, можеби некоја ливада врз која некој има сопственост, а другите немаат право на сопственост. Јас сум должен по кој знае кој пат да кажам дека врз државата не може и не смее да се воспостават сопственичко правни односи. На крајот на краиштата квалитетот на живеењето во една држава независни од тоа дали некој има право на сопственост врз државата, или нема. Квалитетот на живеењето зависи од хармонијата на односите што ги градат граѓаните што живеат во таа држава. И зошто ние конечно не се освестиме дека врз таа основа треба да ги градиме односите, а не со инсистирање кој какви права има врз државата. Можеме ли да се договориме да престанеме со тие дискусии затоа што секој неодмерен збор , неодмерена реченица, недобро лоцирана мисла може да предизвикува исто така поинакви реакции кај другата страна. Се залагам за тоа врз основа на целата оваа дискусија што денеска ја направивме тука докрај да ја објасниме постапката за донесување на оваа одлука. Тука беше спомнато дека составот на Советот го предлага претседателот и тоа тој го направил. Тука нема ништо спорно. Комисијата, предлагачите, пратениците прават обид со неколку одредби таму да ја сублимираат активноста, односно надлежноста на Советот. Дали е тоа успешно, или не е успешно, тоа е друго прашање а во поглед на содржината на членот

78 и на надлежностите дадени во Предлог одлуката јас своето мислење веќе го кажав и од тоа не се откажувам.

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Во својство на предлагач не наоѓам никакви опстојни, издржа- ни аргументи заради кои би требало да се прифати Советот, или барањето во вид на Совет од пратеници оваа точка да се одложи за една од наредните седници. Очигледно е јасно дека позиционо ниту функцијата, ниту работата, ниту должностите на овој Совет ниту ги цениме, ниту ги сфаќаме подеднакво, т.е. појдовна позиција ни е спротивна, не дека не ни е идентична, туку апсолутно ни е спротивна и земајќи во предвид дека парламентот исто така е составен од две групи чии позиции треба и да бидат спротивни, оваа работа не треба воопшто да загрижува. Мене воопшто не ме загрижува ниту ставот на господинот Абдурахман зашто ќе гласа против. Смеам да кажам дека вршам напори работите да ги сфатам до крај коректно и од тоа тој што го кажа и го подвлече нормално е негово право како и на многумина од оваа говорница да кажат зошто ќе гласаат и зошто нема да гласаат. Сакам да подвлечам едно мое размислување кое и воопшто не се истакна досега, дека постоењето на овој Совет јас лично го чувствувам за потребно, а во практика го сфаќам како наша насушна потреба да се докаже на дело дека ние вршиме напори улогата и функцијата на демократијата и демократските прописи да ги операционализираме и во практика. Овој Совет ќе биде уште еден знак на таа добра волја, на таа наша интелектуална и професионална готовност на демократијата и демократските процеси наширум да им ги отвориме вратите. Може да се сфати и дигресија интимно од задачите и

функцијата што ја добива Советот јас не сум задоволен, но склон сум да ја почитувам уставната одредба- Комисијата овде не навлегува во компетенциите на претседателот на Републиката, туку оваа група дава предлог на одлука за да се основа Советот. Јас незнам апсолутно не ги наоѓам оправдани никаде, никакви критериуми, или работи кои се оправдани зошто овој Совет досега не се формирал. Но, впрочем ние изгледа и по филозофијата на размислување на сопствени ставови несвесно наследуваме тоа што не треба од претходниот систем. Навикнавме некој друг комотно да размисли и ние само да следиме . И сега се покажуваме доста како неспособни да им претходиме на работите и од оваа говорница каков вид на филозофија на размислување дефинира со обемно богатство. Мене ми е жал за тоа , но јас не можам во тоа да влијаам. Повеќе пати сум скренал внимание од потребата за повеќе , поголем степен на одговорноста кон јавно искажаниот збор. Чувствувам потреба сето тоа што го слушнав денеска од оваа говорница пак овој апел да го повторам. Човек ако размислува трезвено и од дистанца очигледно му е јасно дека од оваа говорница скоро ниту една седни- ца не минува, а некој да не упатува закани, закани од најниски побуди , закани со доста сериозни последици, закани кои за среќа ќе останат само закани, бидејќи јас лично многу длабоко сум убеден во степенот на здравиот разум во оваа Република Македонија, многу длабоко сум убеден за квалитетот што го поседуваат граѓаните на Република Македонија, доста сум свесен за вековната традиција, вековниот дух на толерантност, вековната потреба за повеќе правда и повеќе демократија. Но, многу е жалосно кога поединец од оваа говорница како наследник на тој вековен македонец научен да го почитува својот до себе, научен да бара повеќе правда, научен да бара

повеќе слобода денеска веќе ги загрозува другите и тоа и од оваа говорница. Тоа е крајно жалосно. Јас ќе повторам дека, лично, интимно, јас Ештреф Алиу оваа држава ја чувствувам како потполно моја држава и Република Македонија е моја Република, но за разлика од другите јас на никого не му оспорувам подеднакво оваа Република да биде и негова, да биде заедничка. Зарем воопшто не сака некој да сфати дека друга перспектива, друга реалност не постои. Џабе тука ги вреѓа своите, но се вреѓа меѓу своите сона- родници, џабе се вреѓаме национално и меѓунационално, па лека полека и конфесионално. Ние сами сакаме да се уништуваме тука. Некој што си даваат за право овде дискусиите да ги карактеризираат како лекции , или од желбата да се каже нешто добро и паметно да се претвори во сосема негативна конотација , тоа е проблем чинам од лична природа на поединците. Сакам да признаам една моја неспособност, неинформираност и незнаење. Не познавам албанци ниту екстремни ниту добри, ниту многу чесни, ниту многу паметни, ниту опасни, ниту неопасни кои сакаат да ги асимилираат граѓаните кои се чувствуваат како македонци муслимани. Па од оваа говорница лека полека треба да им се стави крај на паролите и на паролаштвото, да му се стави крај на посоодветвување на личноста, доволно е да бидеш македонец и се е твое . Од таа позиција секој настап е опасен. И мислам дека ние сме при крај на расправата, а со гласање нека се одлучи на оваа седница дали пратениците чувствуваат потреба да постои овој Совет, или не.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Ако навистина станува збор за фрустрации тоа и не е некое зло, во секој народ има луѓе кои што можат да издржат одредени притисоци од било каква природа, а некои не можат и слично. Но, за мене можам да

кажам дека јас сум длабоко загрижен за она што се случува во врска со прашањата што драматично се држат отворени со албанското малцинство во Република Македонија. Сакам да потсетам на два факта заради тоа што прифатив пред малку кога претходниот говорник кажа дека треба да се прекине со пароли и со демагогија. Дали содејствува на граѓанскиот концепт за кој што најповеќе слушавме и во фаза кога се донесуваше Уставот од пратениците на ПДП и НДП тоа што тие, зборувам само за последниот период, го направија, а кое е длабоко антидржавно поставено спрема Република Македонија. Дали нивното учество во албанската делегација во Прага кој што одлучи против приемот во ЌЕБС на Република Македонија може да биде добронамерно, или наивно, а да зборуваме за хармонизација на односите меѓу македонските граѓани со различно етничко потекло. Дали последната иницијатива со нивното повлекување на потписите каде што отворено во образложението наведуваат дека се против прием на Република Македонија во Европскиот Совет може исто така да биде на линија на таквите декларирани заложби за граѓанско општество на кое што тие најповеќе се повикуваат. Дали постои пример во светот држава да дозволува на малцинство од соседна матична држава да биде конститутивен народ и тоа малцинство да има две држави. Не постои таков пример. Зошто сакате токму Македонија тоа да го направи , а не и возвраќате со минимум добри намери. Вашите намери не се чесни , Вие треба во пракса да докажете дека сте за такви односи за кои што се декларирате. Но, тоа мене не ме оптоварува со никаква пристрасност да зборувам за ова прашање. Ако Вие размислевте за што јас зборував , Вие самите ќе побаравте тој Совет за меѓунационални односи да се укине, ако ја сметавте оваа држава како своја, ако мислевте заедно да живееме во оваа Република. Но, Вашите намери се длабоко вградени во

една стратегија на национализмот и сепаратизмот, но тоа не може да Ви помине, тоа треба еднаш да го сфатите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Дали се работи за екстремни албанци, екстремни македонци, се употребуваат тие термини, тие поими, се употребуваат и од едната и од другата страна. Тоа секојдневно го слушаме и на радио и на телевизија го гледаме итн., во весниците го читаме. Зборот екстремен и радикален во некои домени се доближуваат . Што значи  дека тоа не е импутирање дали е некој екстремен , или не. Меѓутоа, би се запрашал јас ако ние овде како парламент дојде некогаш да расправаме за настаните во Жупа и во други места ќе видиме кој е тој што ги потхранува таквите идеи за асимилирање на овој дел од македонскиот народ, од македонската нација кои се со исламска вероисповест. Тоа се факти. Има докази за тоа, меѓутоа овој парламент очигледно треба да расправа и за тие работи кои и нанесуваат огромна штета на оваа држава, а пред се и на оваа македонска нација што живее и што и е единствена оваа држава , единствена матична држава на македонската нација и е оваа држава Република Македонија. Како што кажа претходниот пред малку, ние не треба да се залажуваме дека некој не е екстремист ако заговара да добие статус на народ во оваа единствена матична македонска држава. Добивањето статус на народ води во сепаратизам господа, тоа се докажани работи. И не треба тука да се залажуваме дека не е тоа екстремизам. Тоа е екстремизам. Ако сакаме да живееме како комшии

едни покрај други  не мора едни со други, едни покрај други најдобро, ќе мора да се разбираме и Вие нас да не разберете дека единствена држава ни е оваа што ни остана ова парче, таа ни е таа единствена држава во која ние сакаме пред се да живееме и да твориме како народ и нација со своите комшии без разлика на која националност и припаѓаат како што стои во Уставот. Тоа е тоа, почитувани пратеници и мислам дека нема потреба од оваа говорница да се надмудруваме дали има екстремисти, или нема екстремисти, дали има умерени, или нема умерени.

IX/1 ДВ/СЛ

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам ќе ме доведете во ситуација навистина да ве прекинувам ако продолжите во секое излагаше да воведувате се нови и нови теми. Ние на дневен ред го имаме Советот за меѓунационални односи, и само за тоа да дискутираме.

Има збор г-динот Авди Муртезани.

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, не е прв пат да ние работиме како што не треба да работиме Мене ми е посебно жал што вака ем се малтретираме себеси ем ги малтретираме нашите колеги и нашите граѓани. Ако ние сме најголемиот орган на власта и законодавно тело на Републиката, зошто го злоупотребуваме нашиот авторитет и авторитетот на нашиот орган.

Не е спорно дека Уставот на Република Македонија има преамбула. Тоа никој не го спори. Не е спорно да во таа преамбула и со таа преамбула групата пратеници Албанци, поради таа и поради некои членови не го гласаа. Меѓутоа, излегува дека ние сме најдемократска група поради која што тој Устав го почитуваме, но не значи дека нема да се бориме да го измениме во тие делови во кои не сме задоволни. Не е спорен ниту фактот дека во главните одредби РМ е прогласена како граѓанска држава. Меѓутоа не е спорен ниту фактот дека ова е комбиниран Устав. Целта на одделни пратенички групи не е во нивната волја во целост исполнета. Според тоа се додека не се изменат условите овој Устав ќе важи.

Според Уставот не е спорно дека треба да избереме совет за меѓунационални односи. Не е спорно да во Македонија освен Македонците живеат припадници и од другите националности. Мене ми е срам, мене ми е жал што одделни наши колеги не навредуваат со малцинство иако тие го гласале Уставот и во тој Устав ние сме националност. Но, ние ќе чиниме се нашата желба да се подигне . Ќе се подигне на највисоко ниво кога нашите колеги Македонци ќе сфатат дека ние сме народ или дел од народот. Македонија е заедничка татковина на сите кои живеат во неа. Она е македонска колку што има Македонци. Она е албанска колку што живеат Албанци. Она е турска колку што живеат Турци. Она е ромска колку што живеат Роми, српска толкава, грчка толкава, муслиманска толкава итн. Меѓутоа, со протокот на времето најверојатно и тие недостатоци ќе одат. Меѓутоа, уште сега гледаме дека одредени националности кои што живеат во Македонија немаат исти права како што имаат овие националности. Тоа се однесува и за припадниците срби, па и за другите и фактички така е. Меѓутоа, она што претходниот дискутант го рече, господин Голубовски, нека не остави на мира, јавно му велам. Дејуре Уставот е ваков каков што е. Дефакто ситуацијата е другачија. Ќе чиниме се да го измениме квалитетот на животот во овие простори. Без макеоднци, без албанци, без сите тие други Македонија нема и ќе нема. Само ние сите ќе ја браниме, само ние ќе ја демократизираме, сите ние. Ако некој ен подели тогаш лошо ќе биде и за албанците и за македонците и за ромите и за другите. Заедничкиот интерес е да живееме заедно на овие простори. Зарем немаме примери на војни и воени катаклизми. Зарем сакаме после една војна или меѓунационални конфликти кој ќе стане да се договори поради тоа што и после тоа ќе треба некој да се договори.

Јас на господинот Голубовски би му рекол Македонија е моја матична држава и не се откажувам и он нека го сфати не да живеам како во моја држава зошто историјата покажува и денешнината дека ние сакаме, или не мораме да живееме заедно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Голубовски сака реплика.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Никој пат не сум рекол дека во Македонија има граѓани од втор ред и можам само да Ви кажам дека би бил прв што ќе се борам да бидат вашите малцински права заштитени спрема сите конвенции што важат во светот.

Меѓутоа, не излегов за тоа и навистина можам да Ве оставам на мира ако тоа така го сфативте.

Сакам технички да реагирам на непрецизноста во текстот кое што кај мене при донесување на одлука за гласање предизвикува ....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам нема врска тоа со ова. Вие имате само право на реплика, ништо друго. Технички интервенции за текстот кога ќе се гласа.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Ја прифаќам интервенцијата.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, сакав пратениците да знаат дека ние во ПДП не сме многу заинтересирани за еден ваков совет. Причините ги кажа господин Алити. Нема илузии дека

овој совет ќе чини некој чуда и ние ќе ги реализираме тие права во рамките на овој совет. Меѓутоа, дека Република Македонија со овој совет ќе добие многу повеќе отколку без него, тоа само умните луѓе можат да го знаат. Тие што случајно се занимаваат со политика, тие не можат да го разберат тоа. Не треба тука никаков повик на дилетанти да ни кажуваат ете за ваше добро е да не гласате за овој совет затоа што ние повеќе и подобро него он ги знаеме и познаваме работите. Тоа ви гарантирам.

Да не должам многу . Ние тука на оваа говорница не сме дошле да делиме и да кажеме дајте ни статус на народ, дајте ова, дајте она. Никого не го молиме. А, каква е реалноста на Македонија сите ја знаеме и тука не би требало да губиме време. Меѓутоа, за мене многу контрадикторно е прљав човек да зборува за чесни идеи.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас не намеравам долго да се задржам на говорница меѓутоа ќе искажам една принципиелност во смисла на тоа дека сите ние учествувавме во постапката на донесувањето на еден Устав и сите ние добро знаеме како течеше таа постапка, добро ги гледавме одредбите кои беа внесени во тој Устав. Сега се појавува една мошне симптоматична ситуација одредени пратеници кои , ми се чини во моментот на донесувањето на Уставот, а постапката не одеше баш така брзо одат со контра аргументи во смисла на тоа што треба одредени одредби да се спроведат, а нудат некои други решенија. Мене воопшто не ми е јасно ниту чесно, морам да кажам, некои кои со акламација прифатил еден ваков Устав, сега да изнесува поинакви ставови. Ова од

истото што и во Уставната комисија баш за овој совет имавме големи расправии, познати ми се тие работи како течеа и како се таму ние однесувавме, меѓутоа, сепак ние се согласивме дека формирањето на еден ваков совет ќе значи една фаза понапред во однос на суштинското значење што оваа држава цело време го бара во однос на нејзиното меѓународно признавање. Мене сега не ми е јасно баш од нашите пратеници, од мојата група кога слушам некои работи мене еве не ми идат во мојата логика.

Можеби сосема ми е сфатливо и однесувањето на пратениците на ПДП кои не го поддржаа Уставот и сега реагираат на овој начин. Меѓутоа, јас пак ќе морам да ве потсетам дека овој совет во секој случај заговара едно договараше, еден разговор, поставување на односи за кои ќе се разговара и договара. Познати се ситуациите кои се во нашето блиско соседство и какви се таму настаните и која е онаа штета ако овој совет, да речеме се формира , во која смисла ќе одат работите во овој поглед. Јас мислам дека само ќе значи унапредување на односите бидејќи Македонија е конгломерат од националности. Тоа е факт. Зошто сега тука се јавуваат спротивности помеѓу две националности, македонската и албанската, како да не постојат други националности кои треба да земат активно учество баш во овој Парламент. Јас сметам дека во овој момент секој оној кој е за меѓународно признавање на оваа наша држава, особено од пратениците од нашата партија очекувам поддршка на овој предлог.

IX/6

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Мене сосема ми е јасно зошто целата оваа расправа предизвикана од настапите на некои пратеници поприма вакви димензии. Но, некако некои пратенички групи се конфузни во изјаснувањето по однос на потребата односно непотребата за основање на ваков совет.

Можеби настапот на г-динот Алити ги помести некако движењата околу оваа работа, па сега пратеници од иста партија изнесуваат ставови кои се контра од настапите кои беа на почетокот. Но, добро, и тоа е политика и тоа е во рамките на она што една пратеничка група може да дејствува и политички во Собранието.

Мојот став кон ова прашање во некоја смисла е близок до сите оние кои рекоа дека прашањето е дефинирано со Уставот и како такво тоа треба да се изврши зошто е тоа уставна обврска. Но, суштината на потребата за формирање на еден ваков орган јас навистина не ја гледам. Според моето длабоко убедување потребата од основање на еден ваков орган, една ваква комисија односно совет произлегува од две причини. Прва е тоа што го рече и г-динот Алити дека формирањето на еден ваков совет е потребно за РМ за да ја докаже пред меѓународната јавност односно да се легитимира пред меѓународната јавност Македонија како една демократска земја и да го докаже демократскиот карактер на органите и институциите на Македонија. Тоа е една работа.

Втора работа е потребата од формирање на еден ваков орган произлегува од самата конструкција на Уставот. Уставот, сакале ние да признаеме или не прави односно ги става граѓаните на две нивоа на

право: правата кои генерално важат за сите припадници на македонскиот народ и како такви тие се универзални и неограничени и согласно тоа во ова Собрание се донесуваат одлуки со мнозинство на гласови без оглед на тоа дали одредени прашања одат на штета на припадниците на други националности. Тргнувајќи од таа позиција се чувствува потреба да се формира еден орган кој во некоја смисла ќе биде мембрана на сите тие недостатоци и на сите тие пропусти кои може да се случуваат во еден таков орган. Во право се сите оние пратеници кои овде спомнуваат односно ги нарекуваат одредените националности како малцинства , зошто тоа е уставна реалност. Уставот само манипулира со други зборови, во комплетниот случај со националности зошто дефакто според категоризацијата на правата согласно на Уставот тоа е тоа. Претворено во други зборови, тоа е национално малцинство и нема што да се залажуваме. Друго е прашањето дали тоа некој го прифаќа, дали со тоа се согласува и како ова го доживува.

Тргнувајќи од таа позиција, и тргнувајќи од позицијата дека јас лично не се согласувам со една таква позиција и не осеќам потреба за формирање на еден таков орган преку кој јас ќе се обидувам одлуките кои ќе се донесуваат во законодавното тело да се коригираат преку еден советодавен орган кој во пракса не значи ништо, туку само ќе се разговара , ќе се резимираат работите и ќе се сугерира пред органите на власта, но во практичниот ефект тоа нема да значи ништо. Од тие причини и сум против формирањето на еден таков орган.

Х/1 јм/вц

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Побарав можност технички да интервенирам и тоа беше оправдана забелешка од претседателот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе отвориме расправа по текстот. Општ е претресот.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Тоа техничко прашање има и длабока суштинска важност и сега ќе зборувам за суштинската важност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не обрнувајте внимание на текстот. Во овој момент немаме расправа по текстот.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

На текстот не обраќам внимание, меѓутоа повторно укажувам на фактот дека според Уставот во Македонија уставно не постои малцинство муслимани. Од таа причина веќе наведов некои аргументи. Сакам уште еднаш да укажам на опасноста заради попуштање на концентрација, заради тоа што тоа е само едно зборче навидум да направиме грешка која што во принцип ќе прејудицира сосема нови состојби кои потоа ќе имаат добра почва да предизвикаат и иницијативи кои што би можеле да бараат и уставни промени. Затоа барам како пратеник за да можам дефинитивно да се одлучам во оваа расправа, предлагачите да појаснат за што се работи, дали содржината во образложението треба да биде прифатена, или она што е наведено во Одлуката и да потсетам дека во првобитната одлука со идентичен текст освен овој збор и првобитното образложение како што и во образложението на овој предлог се работи за идентични содржини, додека единствено излегува од идентичноста само одлуката на овој втор предлог. Сметам дека тоа е суштинско прашање и инсистирам предлагачите да објаснат.

X/2

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, сакам да реагирам дека секој пратеник согласно Уставот овде од оваа говорница може да си го искаже своето лично мислење, така стои во Уставот и со тоа да ги застапува интересите на граѓаните кои го избрале за пратеник. Нема право никој пратеник и уште најмалку право има кога не е овластен особено од партијата ВМРО-ДПМНЕ се знае кој е овластен овде од името на пратеничката група да зборува, тоа е само господинот Томислав Стевковски, а други пратеници ако сакаат да се прават дека се координатори на пратеничката група и да застапуваат тези неспомнувајќи го македонскиот народ и македонската нација можат слободно да поминат од оваа страна каде што седат дел од граѓанските партии кои цело време зборуваат дека се само граѓани, дека не постои македонска нација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За тоа ќе расправате на состанок на пратеничката група, а овде само дали имате да кажете нешто за Одлуката во општиот претрес.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Е така господине претседателе, кога ви одговараше господинот Спирковски не го прекинавте, мене ќе ме прекинете. Благодарам, ќе ја напуштам говорницата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тој не ги повреди деловничките одредби.

**ФАИК АБДИ:**

На поединци пратеници и добри колеги им смета и моето излегување овде, јас неколку пати излегувам, па некои пред мене излегоа и повеќе пати, па ништо не сум рекол лошо. Па нека не ми замерат, односно нека не им биде многу криво.

X/3.-

Сакам да образложам една работа овде што ја слушам за прв пат. Ве молам колеги, ако овој Совет се формира формално - правно за да Македонија се покаже надвор од своите граници дека е таа демократска, ако некој тоа го тврди, мислам дека грдно се лаже. Зошто Советот за меѓунационални односи како уставна категорија, според Уставот се формира. Ние амортизираме многу работи што треба да се случат овде да се расправаме таму и готови пред- лози да дојдат овде и помалку тука да се расправаме. Јас така ја сфаќам таа работа, а никако да се крие Македонија позади нешто и да ја скриеме Македонија. Ако така разговараме, ако така некој мисли, ако така навистина мисли предлагачот, јас незнам како да горечам тоа, тоа навистина е срамно, би било срамно за Република Македонија, тогаш ќе не разбере цел свет. Заради тоа сметам дека треба да се сфати исправно формирањето на Совет за меѓунационални односи ќе значи збир на повеќе националности за да с дојде до амортизирање на состојбите кој што се прават овде, што ги правиме можеби вештачки, што се прави меѓу народот онаа меѓунационална тензија. Би требало да дојде до демократски дијалог и никако поинаку. Јас би молел да нема навреди на никого, на некоја националност, затоа што општо познато е дека ниеден роб ако некој смета дека има и робови не се борел во историјата за слободата на својот господар, туку за својата слобода. Имајте го ова во предвид.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Прво, сакам нешто да Ве замолам оваа расправа во начело да ја прекинеме на начинот на кој ја водиме заради тоа што се извитопери и отиде на води кои се директно против интересите на Република Македонија. денес според мое длабоко убедување некој фрли овде бомба во очи на расправата за приемот на Република Македонија во

ЌЕБС да и нанесе само штета и ништо повеќе. Господа, да се откажеме од тоа ние овде да кажуваме дали некој смее да се нарече од оваа националност, или од онаа националност. Реалноста е таа што е во Република Македонија. Немојте да манипулираме со тоа дека ако се прифати да има претставник на муслиманската националност во Советот за меѓунационални односи дека е тоа директно вперено кон денационализација на македонците со исламска вероисповест, бидејќи тоа нема никаква врска дека расправите и излагањата на одредени пратеници од оваа говорница одат директно на денационализација на тој дел на македонскиот народ, а не учеството на претставник на муслиманите во Република Македонија. Да не се мешаат овие работи и мислам дека треба да се прекине со ваквиот начин на расправа по повод донесувањето на одлука за формирање на Советот за меѓунационални односи. Овде кажавме се, само тоа што требаше да го кажеме не го кажавме. На дневен ред општественото уредување на Републикава го ставивме наместо да расправаме за со Устав утврдена работа и да кажеме за квалитетот на одлуката за формирање на овој Совет, за квалитетот на личностите кои се предложени сме за, или против и сето со тоа да заврши. Јас Ве молам уште еднаш на крајот да го прекинеме овој начин на расправа.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Дами и господа, имајќи го во предвид фактот дека Македонија фактички е федерална држава, мултинационална држава .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам внимавајте на Вашите излагања овде, држете се до Уставот.

X/5.-

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Ќе беше многу порационално и по корисно ова тело да имаше не советодавен карактер, туку да имаше компетенции и да донесува мериторни облигаторни одлуки. И на тој начин на некој начин ќе ја отсликаше реалноста, на некој начин да наметнете за деликатните меѓунационални односи наметнеше консензус и така на некој начин ќе беа решени многу проблеми. Инаку советодавен карактер може да има секое тело вон собраниско тело, академија, разни институции, разни друштва итн. Нешто што може да се прими , а не мора да се прими скоро да нема никакво значење. Сакам да се осврнам на една маркантна констатација на пратеникот Котевски кој беше многу категоричен кога рече дека Македонија нема муслимани. За жал јас со него се слагам зошто таа негова констатација кореспондира со званичната политика на Република Македонија, а тоа го подржувам со фактот што со пописот од 1991 година во Македонија скоро да нема муслимани, односно тие се опфатени во 4,2% под групата други каде спаѓаат и црногорците и египјаните и бугарите и грците итн. Да дозволиме она што е гарантирано со Уставот граѓаните да се произнесуваат онака како што сакаат, а не ние како што сакаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Некој си има свои политички тези и си ги промовира. Само пред да почне со дискусија господинот Голубовски , сакам да изречам една опомена на господинот Положани. Тој изрече дека Македонија фактички е федерална земја. Тоа не е точно и го молам друг пат со такви тези од говорницата да не зборува. Државата е точно таква како што е во Уставот дефинирана, а како сонува господинот Положани или јас, или некој друг, тоа е негов проблем.

X/6.-

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Сакам да укажам за последен пат и очигледно дека веќе нема логика да се пружа никаков разумен отпор на она што се случува денес овде во парламентот. Дека никој не го негира правото на граѓаните да се нарекуваат како што сакаат. Тоа е едно од основните човечки и граѓански права. Јас тоа го прифаќам, но не прифаќам да се нарекуваат така како што не постои уставна категорија, заради тоа што тогаш каква држава сме ? Тие на кои што тоа ќе им го дозволиме нема да ја третираат оваа држава како сериозна држава, а и оние на кои што сакаме да им докажуваме нешто што нема потреба да им докажуваме затоа што тие сите имаат многу поголеми отворени проблеми со своите етнички групи во сопствените средини, исто така не сериозно ќе не примат. Но, не е прашањето на сериозноста од чувството за хумор, во случајов црн хумор на националното прашање на Македонија, туку се работи за чувството на одговорност Се смета , тоа е моето сомневање во една долга расправа во попуштена концентрација, на мала врата да се отворат можности за ситуации кои што потоа не ќе можеме да ги контролираме. Уште првите настапи на оваа говорница од моја страна укажував на овие состојби што сега се случуваат. Но, сега мораме да ги решаваме , или неможеме да ги решаваме, мораме да ги одложуваме заради ред други причини. Јас сакам да го кажам само следното, дека и оние кои што поставуваат неумерени и апсурдни барања и самите не веруваат дека за тоа имаат право, го користат празниот простор на нашата слабост и тогаш на кого е поголема одговорноста? Јас сметам дека тие се помалку криви од нас самите што тоа го објективизираме како загрозување на националните македонски интереси.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Овде беше кажано на почетокот на седницата дека во Република Македонија нема граѓани по националност муслимани, а пред малку беше кажано исто така дека тоа кореспондира и со званичната прлитика на Република Македонија што е видливо од пописот во 1991 година дека во Република Македонија не се запишани граѓани по националност муслимани, што исто така не е точно бидејќи со пописот од 1991 година има 31 илјада и 500 граѓани по националност муслимани што значи дека и ова не е точно. Инаку би сакал да Ве замолам да престанеме со манипулации има, нема, ова е званична политика,или не е званична политика и да престанеме да плачеме на туѓи гробишта.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (44 пратеници)

Дали има некој против? (3 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (11 пратеници)

Молам, да го утврдиме точниот број на присутни пратеници.

Изгледа некој не гласал. Ќе го повториме гласањето. Сме гласале во услови на 58 присутни пратеници.

X/8.-

Мора да утврдиме дали имаме доволен број присутни пратеници. Сега имаме повеќе бидејќи влегоа 5, 6 пратеници.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (51 пратеник)

Дали некој е против? (6 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (12 пратеници)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за основање на Советот за меѓунационални односи.

Минуваме на **<u>точката 16</u>** - <u>Предлог на одлука за учество на Република Македонија во работата на Конференцијата за Европска безбедност и соработка.</u>

Предлогот на одлуката , извештаите на Комисијата за надворешни политички прашања и односи со странство , Постојаната анкетна комисија за заштитата на слободите и правата на граѓанинот и мислењето на Владата Ви се доставени , односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор , го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на одлуката и Предлогот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (57 пратеници)

Дали некој е против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласањето? (1 пратеник)

Ве молам, кажете ми го точниот број на присутни пратеници.

Значи присутни се 68 пратеници, само не гласаат сите. Треба да водиме сметка за тоа .

Минуваме на поединечно гласање бидејќи оваа одлука се донесува со 61 глас.

Минуваме на поединечно гласање и сите пратеници нека влезат во салата. Тогаш предлагам пауза од 15 минути. Затоа што нема 61 глас. Ја следам ситуацијата. Седете тука и доведете ги сите во салата. Не може по вакво прашање да си играте. Пратеници сте на оваа држава. немојте така.

Предлагам пауза од 15 минути.

XI/1.- РД/ЉР

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас морам да објаснам. Јас оценував дека ова не е одлука за влегуваше во ЌЕБС, туку одлука за учество на Собранието во Собранието на ЌЕБС, мислам дека се доволно 40 гласа, обично мнозинство, не како за влегување во меѓународна организација. Меѓутоа, некој од правниците мислат дека сепак има статус на исти карактер на одлучување затоа треба 61 гласа. Јас мислам само може да биде појака одлуката ако одиме на 61 глас. Затоа сега и заради тоа што тогаш немаше доволно присутни и гласањето е невалидно обавено, затоа што утврдивме дека имало 58 присутни,во услови кога не може да се изведе гласање, сега минуваме на гласање вистинско.

Ве молам прво нека се утврди бројот на присутните пратеници. 78 пратеници се присутни. Го молам тогаш секретарот да изврши поединечно гласање на пратениците.

**ИГОР СПИРОВСКИ**: (прилог)

XI/2.-

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | - за |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | - воздржан |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | - за |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | - воздржан |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | - за |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | - за |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | - за |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | - за |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | - за |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | - за |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | - за |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | - за |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | - не е тука |
| 14. ГОРГИ БОЈКОВСКИ | - за |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | - не е тука |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | - не е тука |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | - за |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | - за |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | - не е тука |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | - за |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | - за |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | - за |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | - за |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | - за |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | - не е тука |
| 26. БОРКО ГОРЧЕСКИ | - за |
| 27. ДУШКО ГОРГЕСКИ | - не е тука |
| 28. ПЕТАР ГОРГИЕВ | - за |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | - не е тука |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | - не е тука |

2.-

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | - не е тука |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | - воздржан |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | - за |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | - за |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | - не е тука |
| 36. ИВАН ИВАНОВ | - не е тука |
| 37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | - не е тука |
| 38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | - не е тука |
| 39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | - не е тука |
| 40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | - не е тука |
| 41. РИСТО ЈОВАНОВ | - за |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | - за |
| 43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | - не е тука |
| 44. ТАШКО КИРОВ | - за |
| 45. ЗОРАН КИТЕВ | - за |
| 46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | - за |
| 47. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | - за |
| 48. ГОРГИ КОТЕВСКИ | - за |
| 49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | - не е тука |
| 50. НИКОЛА КРСТЕВСКИ | - за |
| 51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | - за |
| 52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | - за |
| 53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | - за |
| 54. ЕФТИМ МАНЕВ | - за |
| 55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | - за |
| 56. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | - за |
| 57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | - не е тука |
| 58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | - за |
| 59. СТРАШО МИЛКОВСКИ | - не е тука |
| 60. ПАНЧО МИНОВ | - за |
| 61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | - за |
| 62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | - не е тука |
| 63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | - за |
| 64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | - не е тука |
| 65. АВДИ МУРТЕЗАНИ | - воздржан |

66. НАИФ МУСТАФА - воздржан
67. ПАНЧЕ НАСЕВ - не е тука
68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ - не е тука
69. СИМОН НАУМО.СКИ - за
70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ - не е тука
71. ЈОВАН НИКОЛОВ - за
72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ - за
73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ - за
74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ - за
75. ТИТО ПЕТКОВСКИ - за
76. ТОДОР ПЕТРОВ - за
77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ - за
78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ - воздржан
79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ - не е тука
80. КИРО ПОПОВСКИ - за
81. ЉУБОМИР П0Т10ВСКИ - не е тука
82. НИКОЛА поповски - за
83. ШАБАН ПРЕВАЛА - не е тука
84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ - не е тука
85. ИСМЕТ РАМАДАНИ - воздржан
86. ИВАН РАМБАБОВ - не е тука
87. ШУКРИ РАХИМИ - воздржан
88. ФЕРИД САДИКУ - воздржан
89. НЕИМ СЕЛМАНИ - воздржан
90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ - за
91. АЦО СПИРОВСКИ - за
92. РИСТО СТАМЕНОВ - не е тука
93. РИСТО СТАНКОВСКИ - не е тука
94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ - за
95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА - за
96. НАЌЕ СТОЈАНОВСЌИ - за
97. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ - за
98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ - не е тука
99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ - за
100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ - не е тука
101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ - воздржан

4.-

102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ
103. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ - за
104. БЛАГОЈ ТОШЕВ - за
105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ - за
106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКК - не е тука
107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ - за
108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ - за
109. АГИМ ФАЗЛИУ - не е тука
110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ - не е тука
111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ - воздржан
112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ - не е тука
113. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ - за
114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ - не е тука
115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ - не е тука
116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ - воздржан
117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ - за
118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ - не е тука
119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ - за
120. ХИСНИ ШАКИРИ - против

XI/2. -

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам пред да го соопштат резултатот овде влезе уште г-динот Славе Наумовски.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

Славе Наумовски - за

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вкупно гласање 80 пратеници. 66 се "за", 1 против, 13 воздржани. Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за учество на РМ во работата на Конференцијата за Европска безбедност и соработка. (аплауз)

Минуваме на **точката 17** - Предлог на одлука за стапување на РМ во членство на Советот на Европа.

Предлогот на Одлуката, извештаите на Комисијата за надворешно политички прашања и односи со странство, постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓаните и мислењето на Владата, ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор? /Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ви обрнувам внимание дека и по оваа одлука за донесување се потребни мнозинството гласови од вкупниот број на пратеници.

Кој е за, молам да крене рака? (76 пратеници гласа за)

Дали е некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

XI/3.-

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за стапување на Република Македонија од членство на Советот на Европа.

Минуваме на **<u>точката 18</u>** - <u>Предлози на одлуки за формирање на пратенички групи за меѓупарламентарна соработка со Република Македонија, Турција, Бургија и Албанија.</u>

Предлозите на одлуките и извештаите на Комисијата за надворешно политички прашања и односи со странство и ЗПК, како и Известувањето на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес по Предлогот на Одлуката за формирање на пратеничка група за меѓупарламентарна соработка со Република Бугарија.

Молам, кој бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас прво не знам предлагачот на овие одлуки по кој критериум одлучил да предложи Собранието да формира група за парламентарна соработка само со овие парламенти на трите држави, иако има и повеќе држави што ја признале РМ и со кој имаме воспоставено одредени дипломатско - конзуларни односи.

Друго, сметам дека на ваков начин се суспендира извршната власт во која што имаме специјализирано Министерство за односи со странство, во догледно време Министерство за надворешни работи и во кој постојат пооделни сектори кој ја следат соработката на државно и меѓудржавно ниво.

Сметам дека оваа Одлука што е предложена би требало да биде од случај во случај, а не да се формираат постојани работни тела кои што имаат таков карактер да развиваат некоја постојана парламентарна соработка.

Сакам да поставам уште едно друго прашање. Меѓупарлапентарните соработки се одвиваат за да се открие колоритот на повеќепартиската структура на Парламентот, а не да бидат претставници од пратеници на партии кои што имаат одредено мнозинство во Парламентот. Независните пратеници во ниту една од овие работни групи за соработка меѓупарламентарни, воопшто не се вклучени, иако честопати во одлучувањето имаат пресудно значеше и играат улога и гласовите на независните пратнеици, од причина што и досега во меѓупарламентарната соработка и во посетата на разни делегации на ниво на РМ од страна на независните пратеници воопшто ниту еден пратеник не се кани во тие разговори или размена на мислења или консултации. Затоа сметам дека би требало да бидат вклучени и независните пратеници и воопшто да се каже врз кои критериуми се предлага само со овие три држави.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Комисијата за надворешно - политички прашања и односи со странство ги разгледа предлог - одлуките за формирање и ги поддржаа затоа што се отиде на зголемување на меѓупарламентарната соработка на нивото на меѓупарламентарната соработка на Република Македонија со овие три републики што ги спомнавте и даде забелешки до предлагачот на Одлуката која во овој случај Комисијата за прашања на избори и именување. Едната забелешка беше вклучување и на пратеници од Реформски сили - либерална партија, што е накнадно

доставено, меѓутоа имаше и една забелешка од Комисијата за надворешно - полилички прашања која е матична комисија за овие прашања од Собранието во две од овие парламентарни групи нема ниеден претставник и даде таква забелешка дека цени дека е потребно од овие пратенички групи барем по еден да има во Комисијата за меѓународна соработка на Собранието на РМ.

Јас предлагам, со оглед дека Комисијата има став ако тоа не биде предложено да се повлечат точките, ние да ги усвоиме одлуките меѓутоа да ја задолжиме Комисијата за избор и именувања на првата наредна седница да изврши консултации и да направи сепак дополнување на Одлуката, со тоа што во комисиите за соработка со парламентите на Република Бугарија и Република Албанија ќе има и по еден претставник од Комисијата.

**НИКОЛА КРСТЕСКИ:**

Повод за формирање на пратенички групи за Република Албанија, Република Бугарија и Република Турција е тоа што во овие држави веќе се формирани парламентарни групи во поголем состав, со резервен состав за соработка со РМ.

**НИКОЛА КРСТЕСКИ**: (продолжение)

Со Парламентот односно Собранието според Уставот на Република Македонија. Критериум беше од секоја политичка партија парламентарните групи да си предлагаат по еден член со тоа дополнително над 30 пратеници што имаат партиите, тоа е ВМРО-ДПННЕ и Социјалдемократскиот сојуз кои по два члена се застапени.

Во однос на критериумот независни пратеници, независните пратеници се застапени со редовен член во Комисијата за избор и именување.

Во однос на критериумот од Комисијата за односи со странство.

(Уфрлување од места)

Дозволи, земи си збор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам.

**НИКОЛА КРСТЕСКИ:**

Со тоа иако немавме во писмена форма добиено извештај од Комисијата за односи со странство, за тоа дискутиравме како дополнителен критериум за произнесување Комисијата со големо мнозинство не го прифати од односи со странство. Ова се чисто протоколарна размени а Комисијата за односи со странство си има во ширина односи и сметаме дека не мора да се менува составот, таа е специјализирана за односи со странство и самостојно ќе ја врши дејноста, соработката а ова се чисто размена на искуство на парламенти, меѓусебна размена на мислења на пратеници. Тоа се критериумите и сметам дека може да се изјаснува Собранието по овој состав.

XII/2.-

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Секако дека ситуацијата ќе беше појасна доколку ни беше објаснет критериумот по кој се формираат овие пратенички групи од една страна. Од друга страна ако ни беше дадено убедливо образложение за потребата и за очекуваните резултати од вака формираните пратенички групи.

Во однос на првото прашање што го покренав размислувањето може да иде во две насоки. Ако е тоа меѓупартиски договор тогаш дозволете да имам сомневање од една проста причина заради фактот што најголем дел од опозицијата која што се откажа и од формалните функции да учествува во власта наоѓа мотив да учествува во голем број во овие пратенички групи. Нешто не ни е јасно. Или ако не меѓупартиски договор оснива на освоената власт како резултат на изборите тогаш по кој критериум се дискриминира еден дел од пратеници во Македонскиот парламент.

Секако дека надвор од она што може да послужи како шпекулација, па и во средствата за информирање како ќе го искоментираат ова што го искажав за мене, пред се е важно да претпоставиме за резултатите до ваквите групи. Јас лично се сомневам дека

Прво, без некој да биде навреден самиот состав на пратеничките групи, а и воведување на една пракса на крај на мандатот од овој Парламент дека тоа ќе придонесе во процесот на поширокото признавање на Република Македонија од проста причина што се бара соработка со држави кои што веќе не признале, а го занемаруваме прашањето за таква соработка таму каде што имаме отворени прашања токму во врска со таквите цели.

Лично не реагирам на тоа што ниту во една прилика не сум вклучен како пратеник во било каков контакт , дури и овде во Скопје кога доаѓаат припадници на други политички партии, парламентарни групи итн. ниту пак сум бил во состав на било каква делегација напротив сакам да го

искажам моето задоволство што не се барало такво оптоварување од мене. Но, како принцип сакам да го искажам и следното. Барајќи корекција за оние пратеници, за кои што мислам дека се онеправдани јас однапред се откажувам и самиот да бидам како таква корекција внесен во било која фиксна парламентарна група од моите принципиелни сфаќања дека треба да се обезбеди динамичност во парламентот, треба од случај во случај да се формираат квалитетни групи со точни одредени цели, а мислам дека разноликоста на способностите и можностите на пратениците бараат еден таков приод за кој што јас укажувам. Се разбира, во таква ситуација надвор од фиксните групи, исто така со задоволство би прифатил да извршам некоја задача како пратеник ако за тоа нормално постои расположение преку демократските принципи во Македонскиот парламент.

Јас не сакам тоа да се сведе како коментар дека тврдам дека ова претставува само материјализација на мандатот на пратениците во нивната последна година, но сметам дека е само едно недоразбирање, невнимателност која што заради јавноста и заради авторитетот и на оваа институција треба да се коригира.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве молам, во текстот на одлуката влегуваат и дополнителните дописи што се дадени од претседателот на Комисијата.

Кој е за молам да крене рака? (63)

Дали има некој против? (7)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за формирање на пратеничка група за меѓупарламентарна соработка со Република Бугарија.

Отворам општ претрес по предлогот на одлуката за формирање на пратеничка група за меѓупарламентарна соработка со Република Турција.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 2 со кој се согласил претставникот на предлагачот и тоа е составен дел на текстот на Предлогот на одлуката.

Предлагачот доставил допис кој исто така е составен дел на Одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (64)

Дали има некој против? (7)

Дали некој се воздржува од гласање?(1)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за формирање на пратеничка група за меѓупарламентарна соработка со Република Турција.

Отворам општ претрес по предлогот на одлуката за формирање на пратеничка група за меѓупарламентарна соработка со Република Албанија.

Молам, кој бара збор?

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Првобитно решивме од нашата група да биде испратен господинот Превала. Меѓутоа тој не извести дека за подолго време ќе отсуствува бидејќи ќе биде во САД. Пред две недели Комисијата за известивме дека на негово место се предлага господинот Џелил Таири. Изгледа дека нашиот допис не стигнал до Комисијата па барам или да биде ова одложено, или нашиот предлог да се уважи.

**НИКОЛА КРСТЕСКИ:**

Ова укажување е само недоразбирање.

Прво, измената е извршена по предлог на Парламентарната група и поделено е известување до пратениците. Лично незнам дали го примил, инаку стои наместо Шабан Превала да биде именуван Џелил Таири.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, затоа и реков дека дописите на претседателот на Комисијата во име на Комисијата што ги дал се во составен дел на текстот на Одлуката.

Молам кој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 2 со кој се согласил претставникот на предлагачот и тој е составен дел на текстот на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (63)

Дали има некој против? (8)

Дали некој се воздржува од гласање?(1)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за формирање на пратеничка група за меѓупарламентарна соработка со Република Албанија.

Минуваме на **точката 19** - Предлог на одлука за основање на анкетна комисија за настанот на "Бит Пазар" во Скопје од 6 ноември 1992 година.

Предлогот на одлуката и Мислењето на Владата на РМ Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање?

Кој е за молам да крене рака? (59)

Дали има некој против? (12)

Дали некој се воздржува од гласање?( 1)

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за основање на анкетна комисија за настанот на "Бит Пазар" во Скопје од 6 ноември 19 92 година.

Минуваме на **точката 20** - Предлог на одлука за основање на Анкетна комисија за испитување на можните злоупотреби во работењето на одделни носители на функции во Министерството за внатрешни работи.

Предлогот на одлуката и мислењето на Владата на РМ ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

XII/7.-

**ГОРДАНА СИЛЈАНОВСКА**:

Почитувани пратеници, ваше право е да формирате анкетна комисија за секоја област и за секое прашање од јавен интерес. Меѓутоа, став на Владата е дека ваква комисија по повод ова прашање не треба да се формира од следните причини:

Наводните злоупотреби јас ќе ги наведам, се следните:

Прибавување на правна имотна корист; вклученост во трговијата со нафта и нафтени деривати, цигари, техничка и друга стока; поткуп при вработување; малверзации со одземени девизни средства од граѓаните; малверзации со пари, девизи, станови и скапоцени возила платени итн.

Ќе се согласите дека се работи за инкриминирани активности и став на Владата е дека вистинско место за нивното кажување е судот Во спротивно министрите и другите носители на јавни функции овде ќе бидат ставени во состојба да се бранат како некогаш Сократ.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Пратеничката група на СДС го уважува мислењето на претставникот на Владата што е изнесено овде, меѓутоа во основа нема ништо против да се формира Анкетната комисија која е овде предложена, но Пратеничката група на СДС ќе гласа против Одлуката заради тоа што предлагачот понудил еден сосема неприфатлив соодносот на членовите на групата и нејзиниот претседател со што мислам дека отстапува од сите досегашни норми утврдени во Собранието - анкетните комисии да се формираат од секоја пратеничка група по еден без разлика на бројот. Овде се предложени од страна на една партија 3 члена и нејзин претседател а од страна на други 4 партии само по еден и затоа пратеничката група нема да гласа за одлуката.

XII/8.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам дали уште некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Молам, кој е за нека крене рака? (36 пратеника)

(Барање на пратениците за поединечно гласаше).

Има ли 10 пратеника кои го поддржуваат барањето? (Има)

Го молам секретарот да изврши поединечно гласање.

XIII/1.- JJ-ВБ

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | против |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | за |
| 3. ЕШРЕФ АЛИЈУ | против |
| 4. ХАМИТ АЛИУ | за |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | за |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | против |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | не е тука |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | за |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | за |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | за |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | за |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | против |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | не е тука |
| 14 ГОРГИ БОЈКОВСКИ | против |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | не е тука |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | не е тука |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | не е тука |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | воздржан |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | не е тука |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | за |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | не е тука |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | за |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | против |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | против |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | не е тука |
| 26. БОРКО ГОРЧЕСКИ | за |
| 27. ДУШКО ГОРГЕСКИ | за |
| 28. ПЕТАР ГОРГИЕВ | против |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | не е тука |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | не е тука |

XIII/2.-

| | |
|---|---|
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | не е тука |
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | против |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | против |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | против |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | не е тука |
| 36. ИВАН ИВАНОВ | не е тука |
| 37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | не е тука |
| 38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | не е тука |
| 39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | не е тука |
| 40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ | не е тука |
| 41. РИСТО ЈОВАНОВ | за |
| 42. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | за |
| 43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | не е тука |
| 44. ТАШКО КИРОВ | за |
| 45. ЗОРАН КИТЕВ | за |
| 46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | за |
| 47. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | против |
| 48. ГОРГИ КОТЕВСКИ | за |
| 49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | не е тука |
| 50. НИКОЛА КРСТЕВСКИ | за |
| 51. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | за |
| 52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | за |
| 53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | за |
| 54. ЕФТИМ МАНЕВ | за |
| 55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | воздржан |
| 56. ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА | за |
| 57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | не е тука |
| 58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | против |
| 59. СТРАШО МИЛКОВСКИ | не е тука |
| 60. ПАНЧО МИНОВ | против |
| 61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | воздржан |
| 62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | не е тука |
| 63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | против |
| 64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | не е тука |
| 65. АВДИ МУРТЕЗАНИ | за |

XIII/3.-

| | |
|---|---|
| 66. НАИФ МУСТАФА | против |
| 67. ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |
| 68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | против |
| 69. СИМОН НАУМОСКИ | против |
| 70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 71. ЈОВАН НИКОЛОВ | против |
| 72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | против |
| 73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | за |
| 74. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | против |
| 75. ТИТО ПЕТКОВСКИ | против |
| 76. ТОДОР ПЕТРОВ | за |
| 77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | за |
| 78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | не е тука |
| 79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | не е тука |
| 80. КИРО ПОПОВСКИ | воздржан |
| 81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | не е тука |
| 82. НИКОЛА ПОПОВСКИ | против |
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | не е тука |
| 84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | не е тука |
| 85. ИСМЕТ РАМАДАНИ | против |
| 86. ИВАН РАМБАБОВ | не е тука |
| 87. ШУКРИ РАХИМИ | против |
| 88. ФЕРИД САДИКУ | воздржан |
| 89. НЕИМ СЕЛМАНИ | воздржан |
| 90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | против |
| 91. АЦО СПИРОВСКИ | за |
| 92. РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| 93. РИСТО СТАНКОВСКИ | не е тука |
| 94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | за |
| 95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | против |
| 96. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | воздржан |
| 97. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | против |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | не е тука |
| 99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | за |
| 100. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ | воздржан |
| 101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | воздржан |

XIII/4.-

| | |
|---|---|
| 102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 103. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 104. БЛАГОЈ ТОШЕВ | за |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | против |
| 106. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ | не е тука |
| 107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | против |
| 108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | за |
| 109. АГИМ ФАЗЛИУ | не е тука |
| 110. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | не е тука |
| 111. МУХАМЕД ХАЛИЛИ | против |
| 112. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | не е тука |
| 113. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | против |
| 114. СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | не е тука |
| 115. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | не е тука |
| 116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | воздржан |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | против |
| 118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | не е тука |
| 119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | против |
| 120. ХИСНИ ШАКИРИ | воздржан |

XIII/5.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вкупно гласале 75 пратеници, за гласале 31, против 33 а 17 се воздржани.

Според тоа констатирам дека Собранието не ја донесе Одлуката за основање анкетна комисија за испитување на можни злоупотреби на работењето на одделни носители на функции во Министерството за внатрешни работи.

Минуваме на **точката 21** - Барање на Општинскиот суд Прилеп за давање одобрение за водење на кривична постапка против пратеникот Благоја Чкатроски.

Барањето и извештајот на Комисијата за мандатно - имунитетни прашања Ви се доставени.

Отворам претрес, молам кој бара збор" (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Согласно член 64 од Уставот на РМ пратениците уживаат имунитет односно пратеникот не може да биде повикан на кривична одговорност или да биде притворен за искажано мислење или за гласање во Собранието.

Пратеникот не може да биде притворен без одобрение на Собранието освен ако е затечен во вршење на кривично дело ако е пропишана казна затвор од најмалку 5 години.

Собранието може да одлучи да се примени имунитет над пратеникот и кога тој самиот не се повикал на него, ако е тоа потребно заради вршење на функцијата пратеник.

2. Со оглед на тоа што барањето ан судот не се однесува на случаите предвидени во член 64 од Уставот на РМ, Собранието оценува дека не се исполнети уставни претпоставки да одлучува за барањето на Општинскиот суд Прилеп.

XIII/6.-

Овој заклучок заедно со извештајот на Комисијата за мандатно - имунитетни прашања да се достави до Општинскиот суд Прилеп.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (67 пратеници).

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува? (Нема)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Ве молам сега ние можеме да прекинеме со работа, а утре мора Собранието да почне во 12 часот а дотогаш Комисиите да завршат за да го разгледаме Буџетот и Законот за извршување на Републичкиот буџет. Значи утре расправаме по Шеесет и четвртата седница, утврдуваме дневен ред и расправаме.

Молам седницата да почне во 12 а дотогаш да завршат седниците на комисиите и тие да почнат во договореното време.

После оваа седница утре ќе продолжиме по овие точки од денешната седница.

(Седницата прекина со работа во 17,40 часот).